Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Институт за социјална работа и социјална политика

„Мајка Тереза“

# СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА/УЛИЧНИ ДЕЦА

**- магистерски труд -**

**Ментор:** **Кандидат:**

проф. д-р Сунчица Димитријоска Амела Кадриевска

**Скопје, јуни 2019**

***ДЕЦАТА СЕ ДЕЦА ПРВО И ОСНОВНО***

***Без разлика од каде доаѓаат или каде одат, сите деца заслужуваат љубов, безбеден дом и надеж за среќна иднина***

***(УНИЦЕФ)***

## СОДРЖИНА

**Вовед** ........................................................ 5

**Теоретски дел** ........................................................ 10

**1. Поим за дете во ризик** ........................................................ 10

1.1 Дефинирање на дете во ризик ........................................................ 10

1.2 Дефинирање на деца на улица/улични деца ........................................................ 13

1.3 Ризик-фактори ........................................................ 17

1.4 Заштитни фактори ........................................................ 21

1.5 Семејство и училиште ........................................................ 22

1.6 Општество ........................................................ 23

**2. Правна рамка за заштита на деца во ризик** ........................................................ 24

2.1 Меѓународна легислатива за деца во ризик ........................................................ 24

2.2 Национална легислатива за деца во ризик ........................................................ 25

**3. Институционална поставеност на системот на социјална и детска заштита** ........................................................ 30

3.1 Министерство за труд и социјална политика ........................................................ 33

3.2 Јавна установа Завод за социјални дејности Скопје ........................................................ 34

3.3 Центар за социјална работа ........................................................ 35

3.4 Установи за сместување деца ........................................................ 38

3.5 Дневен центар и детски дом ........................................................ 39

3.6 Детски градинки ........................................................ 41

3.7 Детски одморалишта ........................................................ 42

**4. Социјални услуги за деца на улица/улични деца** ........................................................ 45

4.1 Прва социјална услуга, помош на поединец и помош на семејство ........................................................ 45

4.2 Дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и на семејство ........................................................ 46

4.3 Сместување во згрижувачко семејство ........ 47

4.4 Сместување во мал групен дом ........ 48

4.5 Самостојно живеење со поддршка ........ 51

**5. Социјална превенција** ........ 52

5.1 Дефиниција на социјална превенција ........ 52

5.2 Видови социјална превенција ........ 54

5.3 Програми и проекти насочени за намалување на бројот на деца на улица/улични деца ........ 57

**II. Истражувачки дел** ........ 63

1. Формулирање на проблемот на истражување ........ 63

2. Цели и задачи на истражувањето ........ 66

3. Практична и научна цел на истражувањето ........ 67

4. Методи, техники и инструменти во истражуавањето ........ 69

4.1 Метод на анализа ........ 70

4.2 Компаративен метод ........ 72

4.3 Партиципирачко набљудување ........ 72

5. Хипотетска рамка ........ 72

6. Очекувани резултати ........ 74

7. Анализа на резултатите од истражувањето ........ 74

**Заклучок** ........ 114

**Библиографија** ........ 117

**Прилог – Анкетен прашалник** ........ 124

# Вовед

Република Северна Македонија која е социјална и мултиетничка држава, како резултат на неповолната економска состојба и транзицијата, се соочува со значаен проблем кој станува сè повеќе актуелен и тој проблем се однесува на ранливата категорија деца на улица.

Справувањето со децата на улица/улични деца како и имплементација на соодветни решенија за нивната состојба се можни. Сведоци сме на зголемениот број на секојдневно изложени деца на улица, и тоа без разлика дали временските услови се поволни или не. Вообичаената рутинска работа на деца на улица/улични деца  се состои од собирање старо железо или пластични шишиња, питање на улиците и булеварите, онаму каде што има поголема фреквенција на сообраќај и луѓе, бришење на стаклата од автомобилите, собирање храна и облека од контејнерите за отпад и слично.

Децата на улица спаѓаат во исклучително ранлива категорија и се соочуваат со големи ризици кои секојдневието може да ги предизвика. Најчесто се предмет на трговија со луѓе, чија цел се питањето, како и сексуалната експлоатација.

Овде, исто така, спаѓаат и присилната работа и отстранувањето на органи. Кај нас во Македонија сè уште немаме детална анализа на оваа појава.

Магистерскиот труд со наслов „Социјална поддршка на децата на улица/улични деца“ се состои од вовед, четири соодветно систематизирани поглавја во теоретскиот дел и истражувачкиот дел на трудот.

Во Првата глава насловена „Поим за дете во ризик“ на самиот почеток беше претставена дефиницијата на децата во ризик, по што следуваше попрецизна дефиниција на децата на улица, односно уличните деца. Понатаму, беа прикажани ризик-факторите, како и заштитните фактори. Во контекст на ова, беше наведена и улогата на семејството, училиштето, како и на општеството и нивното влијание врз состојбата со уличните деца/децата на улица.

Втората глава „Правна рамка за заштита на деца во ризик“ содржеше повеќе правни аспекти кои се од значење за децата во ризик. Имено, во овој дел од трудот на самиот почеток беа прикажани меѓународната и националната легислатива за деца во ризик.

Во продолжение беше објаснета и институционалната поставеност на системот на социјална детска заштита, кој се состои од надлежното министерство, а тоа е Министерството за труд и социјална политика, како и повеќе видови институции, како што се Јавната установа Завод за социјални дејности Скопје, Центарот за социјална работа, установите за сместување деца, детските градинки и детските одморалишта.

Во делот „Социјални услуги за деца на улица/улични деца“, како што говори и самиот наслов, стана збор за услугите кои се овозможени од страна на центрите за социјална работа. Дел од овие услуги кои беа анализирани во трудот се првата социјална услуга, односно помош на поединец и помош на семејство, понатаму следуваше анализа на социјалната услуга домашна нега и помош на поединец и на семејство, како и дневното и привременото прифаќање и згрижување како помош на поединец и на семејство. Исто така, во овој дел од трудот, како социјални услуги за деца на улица, односно улични деца, беа разработени сместувањето во згрижувачко семејство, сместувањето во мал групен дом, самостојното живеење со поддршка, како и општо за институционалната заштита на децата на улица/уличните деца.

Во следната Глава „Социјална превенција“, покрај самиот поим и дефинирање на истиот, беа претставени видовите социјална превенција, како и постоечките програми и проекти кои се насочени, односно кои имаа за цел намалување на бројот на деца на улица/улични деца.

Во вториот дел на трудот, истражувачки дел, е прикажана формулацијата на проблемот на истражување, целите и задачите на истражувањето, практичната и научна цел на истражувањето, понатаму, методите, техниките и инструментите во истражувањето (метод на анализа, компаративен метод, партиципирачко набљудување). Во продолжение беше прикажана и поставената хипотетска рамка, како и очекуваните резултати. По ова следуваше анализата на истражување и заклучоци.

Република Северна Македонија има обврска да обезбеди соодветни услови за заштита на правата на децата. Таа има потпишано и ратификувано меѓународни документи од областа на човековите права и слободи. Постојат два факултативни протоколи кон Конвенцијата за правата на децата, едниот за вклучување на децата во вооружени судири и другиот за детска проституција и продажба на деца. Конвенциите на Советот на Европа, исто така, регулираат одделни права на детето. Од друга страна, Министерството за труд и социјална политика, кое е клучен актер за заштита на деца на улица во рамките на Секторот за социјална заштита, отвори Одделение за социјална заштита и згрижување на социјално исклучени лица, во чија надлежност е и заштита и грижа на оваа ранлива категорија на деца на улица и нивните родители, како посебна целна група.

Во Република Северна Македонија во 9 центри за социјална работа се евидентирани деца на улица, во кои се регистрирани вкупно 719 деца на улица, но тој број е не е конечен. Голем е бројот на деца кои се на улица и питаат, а не се евидентирани во центрите и дневните центри. Дневни центри со кои се опфатени деца на улица/улични деца во земјава се двата дневни центри во Скопје и еден во Битола. Од вкупниот број евидентирани деца во ризик, кој изнесува 1014 во 2017 година, 59 се „деца на улица“, од кои 14 деца се евидентирани во 2016, но нивниот третман и заштита во центрите за социјална заштита продолжил и во 2017 година, додека, пак, 45 деца се новоевидентирани во 2017 година во оваа категорија на корисници (http://zsd.gov.mk/Aktuelnosti/2018/Godisen-izvestaj-za-ZPD-januari-dekemvri-2017.pdf). Дневни центри имаат отворено и некои здруженија на граѓани. Тие имаат за цел социјално вклучување и грижа за деца на улица/улични деца. Главна цел е децата да се згрижат и да се оттргнат од улиците, да се стекнат со основни хигиенски навики, да им се помогне во подготвувањето на домашните задачи и учењето и, најважно од сè, да го поминат денот во игра и безгрижност.

Министерството за труд и социјална политика постојано настојува да се формираат што повеќе вакви дневни центри за оваа категорија на лица. Постојат и дневни центри кои се раководени и од здруженија на граѓани.

Примарна цел на Република Северна Македонија (кога станува збор за најранливите групи, а во овој случај тоа се децата на улица) е потребата да се воведе подобар систем на организираност и активност за враќање на децата на улица онаму каде што припаѓаат – кај своите семејства, како и нивно целосно вклучување во општеството.

Деца на улица се деца кои цело време или најголем дел од времето живеат или преживуваат на улиците. Генерално, во зависност од различните поставувања во достапната литература, може да се забележи дека терминот улични деца има две категории, и тоа:

- ✓ Деца на улица - се деца кои најголем дел од времето го поминуваат на улица, меѓутоа одржуваат добри семејни врски и често се враќаат дома во вечерните часови; и
- ✓ Улични деца - се деца кои живеат на улица, односно кои се цело време таму и таму ја поминуваат ноќта. Вообичаено овие деца се со лабави семејни контакти и односи или воопшто не контактираат со семејството.

Секојдневието на уличните деца се состои во работење легални и нелегални работи. Помеѓу легалните работи се вбројуваат чувањето или чистењето на автомобили, миење стакла, продавање, свирење или пеење. Како илегални активности, односно работи се споменуваат питањето, препродажба на дрога, кражби, проституција и други кривични дела кои се забранети со закон. Децата на улица мошне често се принудувани на овие работи и на тој начин претставуваат пример за експлоатација на детскиот труд.

Според наведеното во Збирката на излагања издадена од Народниот правобранител (2012), постојат неколку класификации на уличните деца, и тоа во следните групи:

- ✓ Деца без родители и родителска грижа;
- ✓ Деца на разведени родители;
- ✓ Деца со еден родител;
- ✓ Деца од нарушени семејни односи.

Според ЈУ Заводот за социјални дејности (2017), во Република Северна Македонија децата на улица ги има од сите возрасти и националности, но најмногубројни се Ромите, 52% на возраст од 7-14 години, 54,5% манифестираат социјално неприфатливо однесување, а 10% имаат толерантно однесување (http://zsd.gov.mk/Aktuelnosti/2018/Godisen-izvestaj-za-ZPD-januari-dekemvri-2017.pdf).

Феноменот на децата на улица не е нов и не е ограничен од одредени географски области. Трагично е, но децата на улица ги има и живеат во секоја земја и буквално во секој град во светот. Иако се дел и од развиените и од земјите во развој, децата на улица се најзастапени кај сиромашниот народ во Латинска Америка, Азија и Африка. Уличните деца најмногу се концентрирани во Латинска Америка, особено во Бразил.

Во 1996 година, меѓумамериканската банка за развој ADB (Asian Development Bank и UNICEF (United Nations Children's Fund) извести дека од 500 милиони луѓе во Латинска Америка, 40 милиони деца живеат или работат на улиците на Латинска Америка. Се проценува дека само во Мексико има околу 2,2 милиони улични деца. Се проценува дека има околу 33 000 деца во ризик на кои им е обезбедена социјална заштита во земјата. Ова ги вклучува децата во контакт со законот, децата жртви на насилство, негрижа и злоупотреба, децата лишени од родителска грижа и децата од сиромашни домаќинства кои се корисници на социјална заштита (Завод за социјални дејности, 2017).

Кога зборуваме за злоупотреба на детскиот труд, подразбираме работа на деца кои се под возраста одредена со закон. Злоупотребата на детскиот труд не значи само физичка работа, туку и комерцијална сексуална злоупотреба (трговија со деца, деца војници, детска проституција и порнографија). Кај нас во македонското законодавство одредбите кои се однесуваат на заштита на правата на децата, а особено децата запоставени од своите родители, децата на улица, преземањето мерки и постапки за повреда на нивните права не се инкорпорирани во еден закон, туку се среќаваат во повеќе законски акти.

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. Поим за дете во ризик

### 1.1 Дефинирање на дете во ризик

Во достапната литература која се однесува на благосостојбата, децата на улица спаѓаат во категоријата на „деца во ризик“. Оваа фраза е заменета од „децата на кои им е потребна“ во „децата со особено тешки околности“ (Kapadia 1997) и „деца на кои им е потребна посебна заштита“.

Всушност, во неодамнешната литература има тенденција да се генерира категоријата „градски деца во ризик“, која ги замени термините „улица и работни деца“ (Valentin, 1999). Но, и овој термин на референцијата, исто така, може да биде двосмислен, аналитички, бескорисен, дури и да насочува кон стигматизирање на децата, како и на многу други термини преку манипулирање на децата.

Дефинирањето на поимот „деца и млади во ризик“ варира во зависност од авторитетите од различни подрачја на психологијата, социологијата, медицината, социјалната заштита и другите подрачја (McWhirter, 1993). Термините „деца во ризик“ и „млади во ризик“ се користат како општи термини за деца и млади кои се соочуваат со проблеми во текот на нивниот раст и развој. Овој термин за првпат се користел во 1983 година во САД, во извештајот „Нацијата во ризик од страна на Националниот комитет за извонредност во образованието“ (Mc Whirter, 1993).

Децата и младите „изложени на ризик“ кај кои се развиени специфични психосоцијални проблеми, поради сериозните пречки кои ги предизвикуваат семејството, училиштето и проблемите на локалната заедница и ги спречуваат да постанат одговорни и продуктивни возрасни лица, се карактеризираат според овој термин.

Dryfoos (1990) истакнува дека во ризик треба да се опишат и децата и младите кои не се развиваат во одговорни возрасни личности. Организацијата за економска соработка и развој споделува слична дефиниција: „деца и млади во ризик“ се оние деца и млади кои не се успешни во училиштето, не можат да

ја достигнат транзицијата кон вработување и, како последица на тоа, не можат активно да придонесат за развојот на општеството (Astorth, 1993).

Некои употреби на терминот означуваат лица чие страдање е резултат на емоционалните и адаптивните проблеми. Други, пак, го употребуваат терминот за да ги опишат децата или младите луѓе кои се изложени на ризик за да го напуштат училиштето, оние кои не ги научиле вештините кои се потребни за успех, оние кои немаат средно образование/факултет и оние кои се со здравствени проблеми.

Децата меѓусебно се разликуваат по многу нешта. Изложеноста на ризици може да биде нивната најзначајна разлика во нивниот развој. Светот во кој се раѓаат, растат и се развиваат, за едните значи сигурност, прифаќање и грижа, додека, пак, за другите неизвесност и страдање. Како ризично дете се смета и дете кое употребува психотропни супстанции како алкохол и droги, дете кое е отфрлено од училиште и дете кое постојано бега од часовите. Прашањето за децата/младите во ризик е што да се прави со нив, како да бидат школувани, регулирани, сместувани, како да се вработат или да бидат спречени да се вклучат во какви било ризични (сексуална експлоатација, дрога, алкохол) практики кои имаат значителен историски аспект (Basley, 1991).

Според досегашните проучувања на децата на улица/улични деца кои имаат различна животна историја, се забележува дека, и покрај изложеноста на високоризичните услови на живеење, има голем број деца кои не отстапуваат од нормалното однесување. Напротив, некои деца се отпорни и успешни во надминувањето на ризиците со кои се соочуваат.

Според Рихтерс (Richters, 1992), децата во социјален ризик се поделени на: деца без родителска грижа, деца кои употребуваат дроги и алкохол, деца со воспитно-социјални проблеми, запоставени деца и деца од семејства со брачни конфликти.

Грмери (Grmery, 1985) ги разликува следниве деца во социјален ризик: деца со посебни потреби, деца без родители, деца кои потекнуваат од дисхармонични семејства, деца кои употребуваат дроги и алкохол и деца од семејства со низок животен стандард.

Според Законот за правда на децата („Службен весник на РМ“ бр. 148 од 29.10.2013 година), детето во ризик се дефинира како секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело; дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило седум, а не наполнило 14 години; дете во ризик од 14 до 18 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години; дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години; дете во судир со закон над 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години; дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.

## 1.2 Дефинирање на деца на улица/улични деца

Според Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации од 1979 година, а усвоена во 1989 година, во членот 1 се наведува дека поимот „дете“ значи „секое лице помладо од 18 години, со исклучок ако со законот кој се применува за детето границата за полнолетност не е определена порано“. Имајќи предвид дека Конвенцијата е потпишана од страна на сите земји во светот, со исклучок на Сомалија и, помалку иронично, од најмоќната држава на светот Соединетите Американски Држави (САД), може да се каже дека ова е општоприфатена дефиниција за поимот дете. Дефиницијата која се однесува на синтагмата „дете на улица“ е сосема поинаква приказна.

Денес, многу автори мошне субјективно го одредуваат значењето на оваа синтагма, дефинирајќи ја според сопственото толкување и е исклучително тешко човек да се снајде помеѓу толку големиот број на дефиниции.

Првата дефиниција за деца на улица е на УНИЦЕФ и датира од 1982 година, и, според неа, деца на улица се оние деца за кои улицата е многу повеќе од семејство, за кои улицата е вистинскиот дом и оние деца кои се наоѓаат во ситуација да не се заштитени, да не се под надзор и да се без совет од страна на одговорни, возрасни лица (UNICEF, 2017).

Покрај тоа, постои уште една дефиниција за децата на улица која е многу распространета. Истата, заедно со поделбата која е воспоставена од страна на УНИЦЕФ, ја користат и Обединетите нации. Тоа е дефиницијата на УНИЦЕФ од 1986 година, според која децата на улица се деца кои се наоѓаат во исклучително тешки околности. Покрај тоа, имајќи предвид дека децата на улица се релативно широк поим кој ги опфаќа сите деца кои работат на улица, УНИЦЕФ воведува и поделба на децата на улица и улични деца.

Иако постојат многу критики за овој вид поделба, многу автори сметаат дека истата е соодветна, со цел да може да се разликуваат оние деца кои имаат некој којшто ги заштитува и којшто се грижи за нив (барем би требало), од оние коишто немаат никаков правен, а ниту вистински заштитник, кои се правно практично невидливи.

Децата на улица се деца кои на улица заработуваат за живот, но тие, за разлика од уличните деца, имаат дом и семејство на кое му се враќаат (UNICEF, 2017).

Значи, уличните деца немаат семејство, односно сите врски со семејството, и ако постоеле, се прекинати, тие деца се независни, немаат свој дом, односно нивниот дом е улицата.

Авторот Bahadur (2013) истакнува дека во зависност од различните поставувања во литературата терминот улични деца има категории:

- ✓ Деца на улица се деца кои најголем дел од времето го поминуваат на улица, меѓутоа одржуваат добри семејни врски и често се враќаат дома во вечерните часови.
- ✓ Улични деца се деца кои живеат на улица цело време и таму ја поминуваат ноќта. Вообичаено овие деца се со лабави семејни контакти и односи или воопшто не контактираат со семејството.

Според авторот Lalor (1999), децата на улица се дефинирани како:

- ✓ Деца помали од 18 години;
- ✓ Машки или женски деца;
- ✓ Деца кои поминуваат поголем дел или постојано се на улица;
- ✓ Деца кои одржуваат минимален контакт со нивните семејства или воопшто немаат контакт;
- ✓ Деца кои имаат недостаток на надзор, заштита или насочување што ги прави уште поранливи, особено кога е во прашање нивното здравје;
- ✓ Психолошки опасности.

Оваа дефиниција не е заснована од социјалните или економски потекла на децата, или според активностите кои ги вршат (кои претежно се активности за опстанок или е тоа начин на живеење), туку на физичкиот контакт на улицата во споредба со контактот со нивните семејства.

Законот за заштита на правата на детето, во делот кој се однесува за заштита на правата на децата, ги дефинира случаите на изложеност и деликвенција врз основа на видовите активности кои децата на улица ги имаат, а тие се следниве (Protection of the Rights of the Child Law, 2014):

- ✓ Ако детето е пронајдено на улица како проси или продава тривијални предмети, изведува шоуа на улица или било која друга активност, се сметаат за позитивни ресурси за живеење;
- ✓ Ако детето собира цигари, работи од отпад ли други предмети;
- ✓ Ако детето нема постојано место на спиење и спие на улица;
- ✓ Ако детето контактира со оние кои се изложени на деликвенција или се осомничени;
- ✓ Ако детето е навикнато да бега од образовни или професионални институции за обука;
- ✓ Ако детето има лошо однесување и е деликвентирано од неговиот старател;
- ✓ Ако детето нема основни средства за живеење и нема старател;
- ✓ Ако детето е помладо од седум години и е пронајдено во било кој од претходно споменатите случаи на деликвенција или ако детето има направено едно од претходно споменатите кривични дела; и
- ✓ Ако детето има ментално или психичко пореметување до оној степен до кој може да предизвика штета себеси или на другите.

Секојдневието на уличните деца се состои во работење на легални и нелегални работи.

Легални работи се: чување или чистење на автомобили, миење на стакла, продавање, свирење или пеење. Илегални работи се: питање, дилање дрога, кражби, проституција, консумирање дрога и алкохол и други кривични дела забранети со закон.

Децата на улица често се принудувани на овие работи и на тој начин претставуваат експлоатација на детскиот труд.

Уличните деца се класифицираат во неколку групи и тоа (Wexler, 2008):

- ✓ Деца без родители и родителска грижа;
- ✓ Деца на разведени родители;
- ✓ Деца со еден родител;
- ✓ Деца од нарушени семејни односи.

Имено, милиони деца во светот растат без еден или двајцата од нивните родители. Децата без родители и родителска грижа се многу повеќе изложени на ризик од сиромаштија, соочување со кризи од природна катастрофа или вооружени конфликти. Овие деца може да се најдат на поголем ризик од дискриминација, несоодветна грижа, злоупотреба и експлоатација, нивната благосостојба е загрозена бидејќи се препуштени сами на себе.

Повеќето од децата без родители се сместуваат во институции и таму остануваат предолго. Во институциите тие не го добиваат потребното индивидуално внимание кое е неопходно за нивниот раст и развој (Malinauskaite, Harrison, 2000).

Во семејствата каде што постојат нарушени семејни односи се јавува несоодветна грижа од страна на родителите кон децата, па така кај овие деца се нарушува емоционалното чувство и социјалниот развој, и на тој начин поголема е веројатноста за соочување со уште поголеми ризици кои ги наметнува самата околина (Wexler, 2008).

## 1.3 Ризик-фактори

Секој поединец, група, заедница е изложен на делувањето на многубројни ризици од различна природа. Ризикот претставува состојба на изложеност на и висок потенцијал за опасност, штета, загуба или повреда. Ризиците може да бидат: политички (дискриминација, социјална исклученост), природни (катастрофи), здравствени (болести) итн. Друга поделба на ризиците е на ризици кои ги создава природата (природни катастрофи) и на ризици кои ги создава човекот (војни, инфлација) (Ghimire, 2014).

Се разликуваат и ризици кои се со слаба зачестеност, но кои се со големи последици по социјалната добросостојба (катастрофални) и ризици со поголема зачестеност, но со помали последици по социјалната добросостојба (некатастрофални); некорелирани (специфични за изолирани случаи или мал број луѓе, на пример незаразна болест, фрикциона невработеност) или корелирани кои погодуваат поголем број луѓе или цели заедници (коваријантни, од типот на заразна болест, финансиска криза, суша), еднократни наспроти репетитивни (ризици кои се повторуваат) итн. (WorldBank, 2003).

Во социјалната работа, најчесто се користи класификација на ризиците според која тие се делат на: физиолошки ризици (мајчинство, болест, старост, смрт); семејни ризици (тешкотии околу воспитување и одгледување деца, семејна дисфункционалност, структурално пореметени семејства); професионални ризици (професионални болести, повреди и смртни случаи на работно место, невработеност); општествени ризици (војни, револуции); геофизички ризици (земјотреси, пожари, поплави) (Милосављевиќ, 2003).

Во нашето законодавство од областа на социјална заштита под социјални ризици се подразбираат: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици на старост и стареење; ризици на еднородителско семејство; ризици од невработеност, губење приход за издржување по основа на работа и слично; ризици од сиромаштија; и ризици од друг вид на социјална исклученост (Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09).

Во моментов во литературата не постои јасен консензус за прецизна дефиниција за „ризик“. Општо земено, ризикот е веројатноста да се доживее некоја штета или да се изгуби нешто што има вредност (Health Canada, 1997). Сепак, исто така е важно да се запамети дека ризикот е базиран на веројатноста. Затоа, не секој кој е изложен на еден или повеќе фактори на ризик ќе има негативен исход (Health Canada, 1997).

Ризик-фактор може да биде нешто што влијае врз развојот, егзацербацијата или продолжувањето на негативната состојба, односно емоционално или нарушено однесување (Kirby & Fraser, 1997).

Факторите на ризик може да бидат биолошки, физиолошки, психосоцијални или еколошки и може да бидат со поголем интензитет, сериозност и времетраење.

Во развојот и однесувањето на личноста, големо влијание имаат и биосоцијалните фактори, кои се донесуваат на влијанието и интеракцијата на окружувањето, на биолошките, социјалните, културните и физичките фактори (Cloninger, 1986).

Интеракцијата меѓу еволуираните полови разлики на репродуктивниот капацитет и физичката сила и искуствата во општеството се нагласени во оваа, биосоцијална теорија. Љубомората и разликите во долготрајниот избор на колега помеѓу мажите и жените, исто така, се објаснуваат со оваа теорија.

Еволутивниот акцент предлага да се остане константен, но ова не е сосема случајно бидејќи разликите и промените во тие параметри на колегите помеѓу и меѓу земјите укажуваат на културни влијанија. Овој премин од еволуција до социјални културни искуства е она што е нагласено во Биосоцијалната теорија (Matson, 1985).

Важен аспект на оваа теорија е дека жените и мажите биолошки имаат различни улоги, односно мажите се физички посилни и поголеми, додека жените ги образоваат, учат, чуваат и негуваат децата.

Разликите меѓу биолошките фактори се поврзуваат со општествените очекувања за да се формираат претпоставките дека мажите треба да имаат

повеќе моќ и статус, додека жените да имаат помали улоги во општеството. Поради ова, психолошката разлика се зголемува помеѓу мажите и жените, односно помеѓу машкиот и женскиот пол, додека се обидуваат да се прилагодат на нивните биолошки и културно влијателни општествени улоги (Matson, 1985).

Фактори на ризик постојат уште пред да се развие нарушувањето или проблемот. Тие може да бидат временски ограничен или да продолжат со текот на времето. Истите, можат да произлезат од поединецот, семејството, заедницата, институциите или околината. Ризик-факторите може да имаат каузална улога или да бидат маркер за проблемите (Hanvey, 1996).

Повеќе и постојани ризични фактори може да го предвидат посилно развојот на менталното растројство од индивидуалните фактори. Во 1975 година, Рутер и неговите колеги спроведоа обемна епидемиолошка студија за психијатриски нарушувања кај 10-годишни деца во Лондон. Тие откриле дека доколку е присутен само еден ризик-фактор, веројатноста детето да има психијатриско нарушување не е значително поголема од она, кај децата чии семејства биле ослободени од какви било фактори на ризик. Но, доколку има два фактори на ризик, се создава 4 пати поголема веројатност за психијатриско нарушување (Devis, 2014).

Концептот на ранливост е исто така важен кога се разгледуваат факторите на ризик. Ранливоста е состојба на зголемена подложност на развојот на менталното растројство. Познато е дека факторите на ризик (пренатална употреба на дрога/алкохол, ниска родилна тежина, хронична физичка болест, тежок темперамент) го потенцираат развојот на емоционални или нарушувања во однесувањето и се сметаат за ранливи фактори. Потенцијалните слабости се препознатливи и мерливи и понекогаш може да се нарекуваат маркери (Mrazek & Haggerty, 1994). Според O' Grady и Metz (1987), како што е наведено и од страна на Mrazek и Haggerty (1994), ранливите поединци се повеќе подложни на животниот стрес поради генетска предиспозиција, хронична болест, мака, лишување или злоупотреба.

Факторите на ризик може да се групираат во два домени (Ghimire, 2014): внатрешни и надворешни. Кај внатрешните се споменуваат физиолошките,

развојните, когнитивните и факторите на однесувањето. Од друга страна, пак, меѓу надворешните фактори се споменуваат семејната и социјалната група, училиштето, заедницата и факторите на животната заедница.

Пушењето, употребата на дрога или алкохол за време на бременоста се покажа дека се фактори на ризик за деца кои развиваат ментални нарушувања. Истражувачите од различни земји вршеле епидемиолошки и клинички студии и откриле дека мајчиното пушење на цигари за време на бременоста може да предвиди импулсивност и невнимание во текот на раното детство и антисоцијално однесување. Пренаталната изложеност на алкохол исто така може да биде фактор на ризик.

Според една студија спроведена од Cotes et. al. во 1991, изложеноста на фетусот на алкохол има ефекти врз когнитивниот развој за време на детството. Слично на ова, пренаталната изложеност на илегални дроги како што е кокаинот открила суптилни разлики во интелектуалното однесување и регулацијата на возбуда помеѓу изложените деца и неизложените деца (како што е наведено во Hann и Borek, 2001, p.11). Некои деца од различни причини се повеќе изложени на ризик

Во групата на социјални ризици спаѓаат следните ризици: ризиците по здравјето (болест, повреда и инвалидност), ризиците од старост и стареење, ризиците на кои се изложени еднородителските семејства, ризиците од невработеност, губење приход за издржување по основа на работа и слично, ризиците од сиромаштија и ризиците од друг вид на социјална исклученост (Амицис, 2004).

Кога станува збор за заштитата на децата на улица и уличните деца, во системот за социјална заштита во Република Северна Македонија, истата се реализира преку остварување одредени и со закон (или со останати законски и подзаконски акти) права и услуги, во вид на парични права и форми на институционална и вонинституционална заштита (Димовска, 2016).

Освен преку системот на социјалната заштита, мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост треба да се преземаат и во даночната политика, вработувањето, политиката за стипендирање, домувањето,

заштитата на семејството, здравството, воспитанието и образованието, со цел да се обезбеди социјалната сигурност на граѓаните.

Социјалната заштита се остварува преку спроведување мерки за превенција од настанување и намалување на последиците од социјалните ризици за граѓаните, обезбедување парични права од доменот на социјалната заштита и воспоставување и развој на услугите од доменот на социјална заштита (услуги на стручна работа од страна на стручни лица и стручни тимови, сместување во установа за институционална или вонинституционална заштита).

## 1.4 Заштитни фактори

При самото одредување на непосредните заштитни фактори кои имаат значење и влијание врз настанувањето, односно појавата на децата на улица/улични деца, во преден план се наоѓаат оние заштитни фактори кои се дефинирани како основни детерминанти кои што ги одредуваат карактеристиките на општествената, економската, социјалната, културната, но и на друга положба во која се наоѓаат младите лица како индивидуи, но и како посебен општествен слој во општеството и во потесната средина на живеење и работење.

На нивото на посебните фактори кои се поврзани со оваа појава, посебно место добиваат оние што некои автори ги одредуваат како „микрогрупни фактори“. Во оваа група на фактори, со значење за настанување, но и за спречување, сузбивање на наведената појава која има предиспозиции да прерасне и во малолетничка деликвенција, или нејзина превенција, посебно место и значење има семејството како примарна група (Чонева, 2000).

Училиштето се јавува исто така како сериозно важен фактор во развојот на личноста. Во училиштето детето прв пат се судира со проблеми, овде ги постигнува првите успеси и неуспеси, и врз таа основа се потврдува во позитивна или негативна насока како личност.

Од аспект на етиологијата на деца во судир со законот, големо значење се придава и на средствата за масовни комуникации, како фактори кои имаат влијание врз превенцијата. Живееме во време на развиен систем на масовни

комуникации кои постојат со првична цел за информирање, но и за стекнување нови сознанија и информации, забава и разонода на луѓето. Во системот на овие средства за масовна комуникација, посебен акцент е ставен на телевизијата, филмот и на интернетот (Чонева, 2000).

Имајќи го предвид фактот дека помладите генерации се неоформени личности, истите многу лесно може да потпаднат под влијание, но и поради тоа што немаат сопствени изградени ставови или критериуми за тоа што е добро, а што е лошо, и не се способни самите да извршат селекција во прифаќањето или отфрлањето на она што го нудат овие средства, така истите овие средства за масовна комуникација се наведуваат меѓу позначајните кои имаат влијание на превенцијата.

### 1.5 Семејство и училиште

Семејството како општествена заедница има разновидни обврски и функции кога се во прашање младите, нивниот развој и формирање. Пред сè, семејството мора да обезбеди материјални и други објективни услови за живот на младите (Вековиќ, 1991).

Семејството се јавува и како една од примарните општествени групи во која се одвива процесот на воспитување и социјализација на младите. Во него се остваруваат првите социјални допири и се темелат основите на моралното, интелектуалното, физичкото, работното и естетското воспитување, што во голема мера го одредува интелектуалното и општествено-моралното однесување на младите (Вековиќ, 1991).

Семејството, исто така, „има и исклучително значајна трансмисиона улога во социјализацијата на личноста, поврзувајќи го примарниот семеен свет со светот надвор од семејството, внесувајќи во семејните односи позитивни вредности од целокупниот општествен систем во кој живее“ (Младеновиќ, 2013).

Најорганизирана, а воедно и специјализирана институција/установа за образование и воспитување на младите претставува училиштето. Училиштето е установа каде што според однапред утврден план и програма луѓето, обично во своите детски и младешки години, се здобиваат со знаење.

Покрај пренесувањето знаење на младата генерација, училиштето има и воспитна и социјална функција. Заедно со семејството, училиштето претставува примарен, а воедно и најважен фактор во приготвувањето на младите за час. Истото е активен учесник во создавањето живот во поширокатa општествена заедница, нејзините процеси и односи. Општеството на училиштето му ја има доверено улогата на младите лица да им обезбеди квалитетно усвојување на знаењето и да стори сè што е во негова моќ за потполно, односно целосно формирање и развивање на моралните својства, културните, работните и другите општествено посакувани навики и квалитети на децата/младите.

Практично, без наведеното, нема да постои ниту нивната целосна и потполна интеграција и живот во општествената заедница, ниту пак нивно позитивно општествено формирање. Оттука, од остварувањето на задачите во училиштето во најголема мера зависи не само личното напредување на младите туку и нивниот општествен профил и однесување (Сламков, 2009).

**1.6 Општество**

За разлика од претходните фактори, чија активност во најголема мера има карактер на примарна превенција (општи, посебни и поединечни), институциите, како неизоставен дел на едно општество, кои се со правни прописи обврзани и овластени да се спротивставуваат на малолетничкото престапништво, пред сè преземаат мерки кои значат секундарна превенција.

Ако како критериум на поделба ја земеме досегашната практика, би можеле да погрешиме, општествените фактори да ги сметаме за примарни во превенцијата, а институциите кои постапуваат во согласност со законските решенија – секундарни превентивни фактори. Меѓутоа, тоа е една од основните слабости на секој од тие фактори, како и на превентивната практика во целина. Увидувајќи ја таа слабост кај нас, повеќе теоретски и декларативно отколку практично, е општоприфатено мислењето дека превенцијата треба да се сфати како единствен и континуиран процес, превентивно делување на секој, или пак на поголем број фактори, кој треба да дојде до израз како во подрачјето на примарните така и во областа на секундарните превентивни фактори (Сламков, 2009).

# 2. Правна рамка за деца во ризик

## 2.1 Меѓународна легислатива за деца во ризик

Анализирајќи ја меѓународна легислатива за децата во ризик, може да се дојде до заклучокот дека нашата земја, Република Северна Македонија, се вбројува во земјите кои ги имаат ратификувано речиси сите главни договори за човекови права на меѓународно и европско ниво. Оттука, Република Северна Македонија како држава која е потписничка на истите има и соодветно, правно обврзувачки обврски.

Меѓу другите ратификувани договори за човекови права се вбројува и Конвенцијата за правата на децата од 20 ноември 1989 година, која во Република Македонија стапи на сила на 17 септември 1991 година.

Не помалку значајни во заштитата и грижата за децата се низата и протоколи и други конвенции, кои Република Северна Македонија ги има ратификувано, а се дел од легислативата за децата кои се во ризик, се:

- ✓ Хашка конвенција за меѓународно грабнување деца (стапи на сила на 26 октомври 1980 година);
- ✓ Хашка конвенција за заштита на децата и соработка во врска со меѓународното повојување, 1993 (стапи на сила 1995 година);
- ✓ Европска конвенција за посвојување на деца, 1967 (стапи на сила во декември 2002 година);
- ✓ Европска конвенција за правниот статус на децата родени вонбрачно, 1975 година (стапи на сила на 1 март 2003 година);
- ✓ Европска конвенција за признавање извршување одлуки за старателство врз деца и за враќање старателство врз деца, 1980 година (стапи на сила на 1 март 2003 година);
- ✓ Европска конвенција за остварување на правата на децата, 1996 година (стапи на сила на 1 мај 2003 година);

- ✓ Дополнителен протокол кон конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, 2000 година (стапи на сила на 17 ноември 2003 година);
- ✓ Конвенција за акција против трговија со луѓе на Советот на Европа, 2005 година (стапи на сила на 1 септември 2009 година).

Значајно место во заштитата на децата, исто така, имаат и Милениумските развојни цели на Обединетите нации и други документи со кои се врши постапно приближување до европското законодавство.

**2.2 Национална легислатива за деца во ризик**

Заштитата на децата во Северна Македонија е организирана дејност од страна на државата. Северна Македонија со донесување повеќе развојни програми, донесување низа закони, подзаконски акти и ратификување меѓународни документи се смета за држава која има сериозен пристап во заштитата на децата.

Клучна улога за остварувањето на заштитата на децата имаат и одредени развојни докумети кои се донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, како што се: Програма за работа на Владата на Република Македонија, Стратегија за демографски развој на Република Северна Македонија, Одлука за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија и други релевантини акти и анализи.

Имајќи предвид дека поголемиот дел од децата на улица/уличните деца се од ромската заедница, значајно е да истакнеме дека на ниво на Европа и во нашата земја се реализира Интеграцијата на Ромите 2020 која претставува нова форма на Декадата за вклучување на Ромите (2005–2015).

Носител на активностите во рамките на Декадата е Владата на Република Северна Македонија, додека Министерството за труд и социјална политика се јавува во улога на координатор на меѓуминистерската работна група. Покрај претставниците од министерствата, во работната група се вклучени и претставници на невладините ромски организации.

Како резултат на работата на работната група произлезени се четири (4) акциски планови, и тоа: Акциски план за вработување, Акциски план за здравство, Акциски план за домување и Акциски план за образование. Со лансирањето на Декадата за вклучување на Ромите на 8 април 2005, официјално се промовирани и акциските планови во Република Северна Македонија.

Како систем на организирани мерки и активности за грижа и заштитата на децата, примарно заштитата на децата се остварува со Уставот на Република Северна Македонија (член 42). Заштитата на сите деца како и на децата на улица/уличните деца е опфатена со низа закони, и тоа:

- ✓ Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/00, 65/04, 98/08,107/08, 83/09 и 156/09, 12/14, 150/2015 );
- ✓ Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14);
- ✓ Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92, 09/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 44/12, 153/14);
- ✓ Закон за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08);
- ✓ Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08);
- ✓ Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.17/97, 11/02, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09, 43/12)
- ✓ Закон за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 65/12);

- ✓ Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13);
- ✓ Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07,98/08, 106/08, 64/09, 161/09, 226/15);
- ✓ Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09, 150/10, 198/18);
- ✓ Кривичен законик на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 55/13);
- ✓ Закон за прекршоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/06, 124/15);
- ✓ Закон за матична евиденција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/95, 38/02, 66/07, 98/08, 67/09, );
- ✓ Закон за матичен број на граѓанинот („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/92);
- ✓ Закон за државјанство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 8/04, 98/08);
- ✓ Закон за извршување санкции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 и 11/16, 21/18);
- ✓ Закон за прекршоците против јавниот ред и мир („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/07, 152/15).

Уште од самото раѓање човекот има свои права - во најраниот период детството се познати правата на детето, па дел од нив се: право на образование; право на слободно време и игра; право на живот, име и националност; право на слободно изразување; право на зачленување во здруженија; право на информации; право на дом и семејство; право на заштита; право на здравје; право на приватност.

Во постапките во кои децата се директно или индиректно вклучени или трпат влијание од кривично-правниот систем, од основна важност е да се заштити и да се постапува во најдобар интерес на детето. Токму затоа, за секое преземено дејствие мора да се размисли за начинот на кој таквото дејствие ќе влијае врз детето или пак врз група од деца, со цел да се обезбеди заштита на нивниот најдобар интерес. Сите останати општи начела: заштита, правото да се биде сослушан и недискриминацијата, се подеднакво важни при утврдување на најдобриот интерес за едно дете или група на деца (https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Jusitce_for_Children_Manual_MK_Final.pdf, 21.11.2018).

И покрај фактот што задоволувањето на најдобрите интереси на децата секогаш треба да биде од најголема важност, тоа мора да биде сторено на соодветен начин, постигнувајќи соодветна рамнотежа со евентуалните нарушувања на човекови права на некои други деца, група на деца или возрасни лица. Начелото на заштита на благосостојбата и развојот на децата е поврзано со начелото за нивните најдобри интереси. Тоа ја потврдува потребата од дополнителни мерки и заштита поради ранливоста на децата, како и обврската што ја имаат државите да ја обезбедат таквата заштита.

Заштитата на благосостојбата на децата не значи само заштита на детето од било каква штета или повреда, на пример преку вршење редовни посети и контроли на места, каде децата се згрижени или пак законско регулирање на забраната за нивно физичко казнување. Тука мора да постои и поактивен пристап и соодветни мерки и постапки на спроведување, за да се обезбеди здрав развој на детето. Ова би можело да значи обезбедување стручна и образовна обука во рамки на центрите за згрижување и престој на децата, како и воспоставување соодветни безбедносни мерки за елиминација на сите негативни елементи кои би можеле да го попречуваат нивниот развој.

Со правото да се биде слушнат се гарантира дека секое дете кое е способно да формира сопствено мислење, ќе добие можност да се изрази слободно и целосно во однос на кое било прашање кое се однесува или влијае врз него. Тоа значи и дека неговиот став или мислење треба постојано да се имаат предвид, притоа имајќи ги предвид неговата возраст и зрелост.

На децата треба да им се овозможи да ги изразат сопствените ставови, мислења и грижи и да земат активно учество во текот на судскиот процес (во согласност со нивниот најдобар интерес и преку соодветен законски застапник кога за тоа има потреба) (Прва детска амбасада во светот Меѓаши, 2016).

Со цел да се гарантира ваквото право, на детето треба да му се обезбедат соодветни информации во врска со самиот процес, изборите што му стојат на располагање и можните последици од направениот избор. Методологијата која се користи при испитувањето на децата и самото опкружување во кое се врши истото треба да бидат соодветни и адаптирани кон потребите на секое дете. Еден од важните елементи е проценување на возраста и зрелоста на детето, како и тежината која треба да се даде на неговите или нејзините ставови, мислења, грижи и сведочење во текот на судската постапка (Прва детска амбасада во светот Меѓаши, 2016).

Начелото на недискриминација значи дека ниту едно дете не смее да биде предмет на одвојување, ограничување, исклучување и преференцијален третман, врз основа на неговата раса, боја на кожата, пол, јазик, вера, политичко или друго убедување, национална, етничка или социјална припадност, имотна состојба, хендикепираност, место на раѓање или кој било друг статус. Сепак, тоа не значи дека не може да се преземат афирмативни дејства со цел да се обезбеди подеднакво исполнување на сите детски права.

На пример, земјите ќе треба да обезбедат преференцијален третман за одредени деца, или групи на деца, со цел да ги елиминираат предусловите кои можат да ја предизвикаат или одржуваат дискриминацијата. Државите се должни да се осигураат дека ниту едно дете не е предмет на дискриминација и мораат да воведат соодветни активни мерки за да обезбедат подеднакви можности за сите деца. Ова е особено важно кога се работи за деца од женски пол и други ранливи групи, каде може да се јави потреба за преземање специјални мерки, за да се обезбеди подеднакво почитување и исполнување на нивните права. На пример, од основна важност е да се обезбеди специјална здравствена грижа и задоволување на хигиенските потреби за девојчињата за време на згрижувањето или лишувањето од слобода; еднаков пристап за сите деца до образовни и стручни програми; или пак употреба на преведувач и

обезбедување на соодветни преведени информации за децата кои говорат друг јазик (Закон за правда за децата, „Службен весник на РМ", бр. 148/13).

Последните решенија предвидени со Законот за правда за децата кој претставува континуитет во напорите за креирање на детско право како посебна практична и теоретска дисциплина, посебно значење даваат на неформалните облици на постапување со деца што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти кои според системот на надлежности може да придонесат во остварување на детската заштита. Ресторативната правда спрема децата е клучна област од социјалната политика, која се однесува на сѐ поголем број ранливи деца кои честопати се маргинализирани од општеството (Правда за децата – Прирачник, УНИЦЕФ, Проект финансиран од Европската Унија, 2015).

## 3. Институционална поставеност на системот на социјална детска заштита

Како што беше и претходно напомнато, во претходните поглавја, социјалната заштита претставува област за која е потребно постојано и континуирано прилагодување и адаптирање на потребите на корисниците, но и на реалните можности на системот и на државата со цел да ги остварува овие политики. Самиот систем за социјална заштита во Република Северна Македонија, и покрај неговото реформирање во изминатиот период, се соочува со одредени пречки и слабости кои се одразуваат врз квалитетот на заштитата.

Имено, уставната определба на Република Северна Македонија како социјална држава се реализира преку Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09). Овој пропис го воспоставува системот на социјалната заштита, а со него се предвидуваат мерките, активностите и политиките кои се однесуваат на спречувањето и надминувањето на основните социјални ризици на кои што е изложен граѓанинот (помеѓу кои се и децата) во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, но и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита (Амицис, 2004).

Со Законот за социјална заштита, како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје (Закон за социјална заштита, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09).

Државата ја остварува својата социјална функција преку Министерството за труд и социјална политика и мрежата на јавни установи за социјална заштита. Министерството за труд и социјална политика креира политики, стратешки го планира развојот, управува со системот на социјалната заштита, врши надзор над законитоста и инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита.

Системот на социјалната заштита го сочинуваат низа установи, и тоа: центри за социјална работа и установи за вонинституционална и институционална социјална заштита. Центрите за социјална работа се јавни установи со јавни овластувања за вршење на работите од областа на социјалната заштита. Тие се одговорни за администрирање на паричните надоместоци од социјална заштита и за обезбедување на социјалните услуги (Димовска, 2016).

Под институционална заштита се подразбира остварување на правото на оспособување за работно-производна активност и на право на сместување во установа за социјална заштита. Овие права се опфатени со Законот за социјална заштита, со членовите 42 и 43 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09).

Имено, правото на оспособување за работно-производна активност има лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој. Правото на оспособување за работно-производна активност опфаќа упатување во установа за социјална заштита или во друго правно лице кое ги исполнува потребните услови, надоместок на трошоци за сместување и исхрана, надоместок на трошоци за оспособување за работно-производна активност и надоместок на трошоци за превоз. Наод и мислење за способноста за оспособување за работно-произоводна активност на децата и младинците со умерени и тешки пречки во менталниот развој дава органот надлежен за оцена на посебните потреби на децата и младинците со пречки во развојот, во согласност со актот

за оцена на видот и степенот на попреченоста на лицата во менталниот или телесниот развој.

Право на сместување во установа за социјална заштита има лице кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на социјална заштита. Право на сместување во установа за социјална заштита се обезбедува на (Зборник на трудови од научен собир, 2000):

- ✓ дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- ✓ дете со воспитно-социјални проблеми, занемарено, запоставено, злоставувано и материјално необезбедено дете и дете жртва на семејно насилство;
- ✓ дете со нарушено поведение;
- ✓ бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител со дете до тримесечна возраст;
- ✓ лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој упатено на оспособување за работно-производна активност, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега;
- ✓ лице барател на право на азил.

Децата може да се сместат во ученички дом или друга установа за која центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, згрижување, воспитание, образование и нормален развој на детето.

### 3.1 Министерство за труд и социјална политика

Во Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика ги креира политиката и стратегиите за превенција и социјална заштита.

Ова Министерство, исто така, развива институционални и вонинституционални форми на заштита на ранливите групи на граѓани во нашата земја.

Како одговорна институција за меѓуопштинските центри за социјална работа и установите за социјална заштита, Министерството врши надзор над законитоста на работењето на истите. Во делокругот на работењето на Министерството за труд и социјална политика е и донесувањето закони и подзаконски акти (http://www.mtsp.gov.mk).

Министерство за труд и социјална политика, како носител на социјалната заштита на загрозените групи граѓани и клучен актер за заштита на децата на улица/улични деца, во рамките на Секторот за социјална заштита отвори Одделение за социјална заштита и згрижување на социјални исклучени лица во чија надлежност е и заштита и грижа на оваа категорија на деца на улица и нивните родители, како посебна целна група.

Во рамките на заложбите и политиките на Министерството за труд и социјална политика за надминување на проблемите на социјалната исклученост, изготвена е Програма за социјално вклучување, во која посебно се разработени програми за одредени групи меѓу кои се и децата на улица. Дел од таа програма се однесува и на вонинституционалната заштита на децата на улица/уличните деца, односно формирање дневни центри за деца на улица/улични деца (http://www.mtsp.gov.mk).

Постојат повеќе причини за создавање ваков протокол, а пред сè е фактот на самото постоење на една вака социјално загрозена категорија малолетни лица кои самите по себе се проблем од првостепено значење.

## 3.2 Јавна установа Завод за социјални дејности - Скопје

Јавна установа Заводот за социјални дејности, како јавна установа и како истражувачко-развојна институција која ги следи и ги проучува социјалните појави, е одговорна за вршење стручен и професионален надзор врз работата на Центарот за социјална работа, но и на Дневниот центар, како единици кои се наоѓаат под, односно кои се составен дел од Заводот, како и другите професионалци и даватели на социјални услуги. Покрај тоа, Заводот за социјални дејности изготвува методолошки правилници и упатства при работа со различни целни групи, прави и анализи според кои понатаму се предлагаат одредени превентивни мерки, во зависност од постоечката состојба. Оваа установа, исто така, организира советувања, обуки и секојдневна стручна поддршка на професионалците во Центарот за социјална работа.

Меѓу другото, Јавната установа Завод за социјални дејности дава, обновува, продолжува и одзема лиценци за работа на стручните работници во јавна и приватна установа за социјална заштита. Истата врши проверка на примената на стручното знаење и води регистар за издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци и формира, преку посебно формирана Комисија за лиценцирање.

Заводот организира и спроведува разни облици на едукација на стручните работници, преку посебно изготвена Програма за континуирана едукација.

Јавната установа Заводот за социјални дејности е стручна и развојна установа во рамките на системот на социјалната заштита, чии активности се одредени со Законот за социјална заштита. Основан е во 1961 година, од страна на Собранието на Република Македонија, под име Републички завод за социјални прашања. Денес, оваа институција функционира под името Завод за социјални дејности.

Мисијата на Заводот е обезбедување развој на компетенции и квалификации, сертифицирање, поддршка и насочување, како и лична професионална промоција на давателите на социјални услуги. Заводот обезбедува актуелни информации и податоци за состојбите во областа на

социјалната заштита како основа за планирање, развивање и унапредување на квалитетот на услугите кон граѓаните. Заводот е современа, динамична и флексибилна институција со функционален тим, препознаен квалитет, капацитет и професионален пристап, која се грижи за кариерниот и професионален развој на своите вработени, обезбедува стимулативни услови за работа и примена на меѓународно прифатени стандарди.

Целта на самото постоење на Заводот е да обезбеди квалитетни услуги кон граѓаните, кои услуги се обезбедени во еден современ систем на социјална заштита кои превенираат ранливост и исклученост и овозможуваат способност за справување со социјалните ризици и функционално живеење.

Завод за социјални дејности е јавна установа која ги следи и ги проучува социјалните појави и проблеми, врши надзор над стручната работа на установите за социјална заштита и вработените во нив, заради согледување, следење, контрола, увид и унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во остварувањето на функциите во установите за социјална заштита, организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита за потребите на процесот на лиценцирање и активности во рамки на функционирањето на Комисијата за лиценцирање.

Заводот во насока на унапредување на социјалните дејности во своето работење е насочен кон зголемување на задоволството на корисниците, партнерски однос кон соработниците, вложување во унапредувањето во сопственото работење, практикувајќи принципи на професионалност, компетентност, независност и квалитет.

### 3.3 Центар за социјална работа

Процедурите за постапување на Центарот за социјална работа со деца на улица се засновуваат и се реализираат врз основа на процедурите за раководење со предмет.

Заштитата на децата на улица и нивните семејства подразбира континуирана соработка меѓу сите надлежни институции, установи и организации. Соработката на Центарот за социјална работа со другите партнери во постапката со децата на улица е уредена со горенаведените закони, а потесно определена со Мултидисциплинарниот протокол за постапување со деца на улица/улични деца во Република Северна Македонија.

Центрите за социјална работа имаат законска обврска да ја реализираат превентивната работа со цел да се спречи настанувањето на социјалните ризици кај децата и нивните семејства. Превенцијата се одвива на три нивоа: примарна, секундарна и терцијарна.

Примарната превенција во делот на ингеренции и активности на Центарот за социјална работа е уредена со Законот за правда за деца, преку постоењето на Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво, а особено е предвидена и уредена преку Националната стратегија за превенција од малолетничко престапништво 2010 – 2020.

Секундарната и терцијарната превенција се однесува на преземање конкретни активности што значат третман на појавните облици, со цел заштита, а воедно и превенирање од натамошно влошување на состојбата на децата на улица и нивните семејства.

Понатаму, во Република Северна Македонија има 30 меѓуопштински центри за социјална работа, преку кои се остварува социјалната заштита како организирана дејност од страна на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици со кои се среќаваат граѓанинот и семејството во текот на животот. Тие се поливалентни организации и како територијални единици ги задоволуваат потребите од социјална заштита на населението од неколку општини.

Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа претставува институција која е одговорна за оваа категорија на деца во ризик и нејзиниот делокругот на професионалната работа и работата на стручните работници опфаќа лоцирање, идентификација, евиденција, третман,

воспоставување соработка со релевантни институции и следење на децата на улица/уличните деца.

Центарот за социјална работа, како орган кој е надлежен за старателство, исто така, врши и надзор над вршењето на родителското право, предлага превентивни и репресивни мерки, иницира постапки за одземање на родителското право и поднесување прекршочни и кривични пријави за родителите, при тоа соработувајќи со Министерството за внатрешни работи, Основното јавно обвинителство и судовите.

Редовна постапка на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа за децата на улица/уличните деца е и постапката за ставање на истите под старателство, сместување во згрижувачко семејство, постапка за оформување лична документација на родителите и на децата, вклучување на децата во образовните институции преку известување на државниот просветен инспекторат и обезбедување здравствена заштита преку известување на месннонадлежниот здравствен дом. Доколку детето успешно се реинтегрира во семејството, односно родителите веќе не го поттикнуваат детето да престојува на улица, самиот Центар за социјална работа прави евалуација, при што се следи детето, неговата редовност при посетата на училиште, развојот на неговите способности во училиштето, дали истото е социјализирано и каде го поминува своето слободно време.

По идентификацијата и евиденцијата, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа како надлежен орган прави избор од институционалните и вонинституционалните форми за заштита на детето. Доколку тимовите од невладините организации или од локалната самоуправа идентификуваат дете на улица, истите се должни да го известат месннонадлежниот Центар за социјална работа. Во рамките на надзорот над родителското право, од Центарот за социјална работа, исто така, може да започнат со некоја од склопот на превентивните или репресивни мерки врз родителот или родителите.

Генерално, центрите за социјална работа како своевидни институции за социјална заштита имаат повеќекратна или повеќенасочна задача на подрачјето за спротивставување на социјално-патолошките појави воопшто и посебно во престапништвото на младите. Во нивна надлежност се работи кои се

поврзани за следните социјални проблеми: социјална загрозеност, разводи и проблемите на децата од тие бракови, вонбрачни односи и децата на таквите родители, алкохолизам, наркоманија, проституција, рехабилитација на психички и на друг начин заостанати лица, деликвенција и така натаму. Активноста на Центарот, за сите споменати и други слични социјални проблеми и нивно санирање, има вонредно значење во спречување на причините и условите за малолетничкото престапништво, како и на социјално-патолошките појави (Bašić, 2009).

### 3.4 Установи за сместување деца

По лоцирањето, идентификацијата и процената, детето може да биде упатено во некоја од следните установи кои се наменети за сместување деца:

- ✓ Дневен центар за деца на улица/улични деца. Постапката за упатување во Дневен центар подразбира информирање на родителот за придобивките од посетата на Дневниот центар, како и активностите кои се спроведуваат со децата од страна на стручниот тим при Дневниот центар. Во постапката на информирање се става акцент на мотивирањето на родителот да даде согласност за неговото дете да посетува Дневен центар. Доколку Центарот за социјална работа не располага со капацитет за сместување од овој вид, истиот може да упати дете во Дневен центар кој го раководи одредена невладина организација или кој припаѓа под органите на локалната самоуправа.

- ✓ ЈУ Детски дом „11 Октомври" - Скопје. Доколку стручниот тим открие дека детето е злоупотребувано или грубо се занемарувани родителските должности, Центарот за социјална работа покренува постапка за одземање на родителското право и во исто време го известува Министерството за внатрешни работи. Родителското право може да се одземе за одреден временски период или во потполност. Откако ќе се одземе родителското право или во текот на постапката, органот за старателство може да го упати детето во ЈУ Детскиот дом „11 Октомври" - Скопје.

- ✓ Доколку детето се карактеризира со воспитно-социјални проблеми и е на возраст помеѓу 7 и 18 години, се упатува во Јавната установа за згрижување на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми – неприлагодено однесување, Скопје, додека пак ако кај детето е констатирано нарушување во поведението (и е на возраст од 10 до 18 години) и му е изречена воспитна мерка упатување во воспитна установа, детето се упатува во Јавната установа Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" во Скопје.
- ✓ Доколку детето на улица е со попреченост, во согласност со неговата попреченост се упатува во Дневен центар за деца со ментална попреченост, во институција за лица со физичка попреченост или мал групен дом.
- ✓ Детето може да биде упатено и во соодветно згрижувачко семејство.

Во продолжение накратко акцентот ќе биде ставен на дневниот центар, како и на детскиот дом.

## 3.5 Дневен центар и детски дом

Имено, Дневниот центар за улични деца/деца на улица на овие деца, како и на членовите на нивните семејства им обезбедува воспитно-едукативни услуги, советувалишна работа, културно-забавни и рекреативни активности.

Дневен центар за деца на улица/улични деца Република Северна Македонија може да биде основан од страна на државата, здруженија на граѓани, Локална самоуправа, како и по иницијатива од приватниот сектор.

Дневните центри за улични деца/деца на улица на децата и на членовите на нивните семејства им обезбедуваат лична хигиена, исхрана, воспитно-едукативни услуги, советувалишна работа, културно-забавни и рекреативни активности (Закон за социјална заштита, „Службен весник на РМ" бр.79/ 2009).

За работата во дневните центри ангажиран е тим од професионалци кои ги спроведуваат активностите пропишани со закон.

Мултидисциплинарниот тим работи со децата кои престојуваат во дневниот центар и во согласност со карактеристиките на детето изготвува индивидуален план за работа. Индивидуалниот план вклучува воспитание, стекнување основни хигиенски навики, образовни активности и друго и дневните центри го изготвуваат во консултација со сите релевантни партнери/институции (Центар за социјална работа, Министерство за образование и наука, ДПИ, локалната самоуправа и ЗД).

Исто така, Дневниот центар работи и со родителите на децата кои престојуваат во дневниот центар преку советувалиштето кое е составен дел на Дневниот центар.

Институционалната заштита на децата без родители и без родителска грижа се остварува во две институции во согласност со возраста на корисниците кои се сместуваат: ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола, којшто е наменет за деца до 3-годишна возраст, како и Детски дом „11 Октомври“, кој се наоѓа во Скопје и кој е наменет за деца над 3-годишна возраст.

Јавната установа Завод за социјални дејности во рамките на своите надлежности во континуитет ја следи работата на Детскиот дом „11 Октомври“. Истото го реализира преку чести увиди и посети на установата, работни средби со вработените, спроведување обуки и работилници и активна вклученост во сите тековни процеси кои се спроведуваат во установата.

Во согласност со Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), Јавната установа Детски Дом „11 Октомври“ во Скопје е установа за институционално сместување деца без родители и родителска грижа над тригодишна возраст и младинци, која обезбедува згрижување, односно која обезбедува домување, исхрана, облекување, нега и грижа, но и воспитание на децата сè до нивното оспособување за самостоен живот и работа, а најдолго до шест месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин.

Установата е должна на децата и младинците да им обезбеди посетување на основно и средно образование во соодветна установа, организирање стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, да организира различни облици на работа и живот, како и да се грижи за нивното здравје, односно за нивниот физички и ментален раст и развој.

### 3.6 Детски градинки

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се реализира во детска градинка и центар за ран детски развој. Детска градинка може да се основа како јавна и приватна установа. Детската градинка спрема времетраењето остварува програми за целодневен и полудневен престој, скратени и пилот-програми и вонинституционални форми за активности со деца.

Во системот на заштитата на децата, дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во согласност со одредбите од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/00, 65/04, 98/08,107/08, 83/09 и 156/09, 12/14, 150/2015 ) се обезбедува и остварува во установи за деца, и тоа во јавни (општинска детска градинка/центар за ран детски развој и детска градинка/центар за ран детски развој) и приватни установи за деца (приватни детски градинки и приватни центри за ран детски развој).

Министерството за труд и социјална политика во изминатиот период особено внимание посветува за зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст преку изградба на нови објекти наменети за ЈОУДГ, објекти во состав на ЈОУДГ или адаптација на просторот за отворање на групи во други просторни услови, односно градинки/центри за ран детски развој во рурални средини (http://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki.nspx).

## 3.7 Детски одморалишта

Одмор и рекреација на деца е форма на заштита на деца која како дејност се организира за престој, активен одмор, социјализација, воспитни, образовни, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности со децата за развивање на нивните психомоторни способности и способноста за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и на другите и ориентација во просторот.

За развој на личноста на детето, талентот, менталните, физичките, креативните и на другите способности, за подготвување за самостоен и одговорен живот се обезбедуваат и други форми на заштита на децата како програмски активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста и спортот.

Дејноста одмор и рекреација се обезбедува и се остварува во детско одморалиште. Одмор и рекреација во јавно детско одморалиште се остварува според планови и програми за остварување на дејноста.

Имено, детските одморалишта имаат свој статут. Со Статутот се пропишуваат организацијата, начинот на работење, управувањето и раководењето на одморалиштето. Со договор се уредуваат правата и обврските на детското одморалиште и корисниците на услугите за одмор и рекреација, со кој особено се регулираат меѓусебните односи на давателот и корисникот на услугата, квалитетот на услугата, начинот на плаќањето, изборот на програмата, должината на престојот на детето во установата и други прашања во поглед на заштита на детето и дејноста на детското одморалиште.

Одмор и рекреација може да се организира и за деца со пречки во развојот според посебни програми. Одмор и рекреација во јавно детско одморалиште се остварува според програми за остварување на дејноста кои ги изработува научна или специјализирана стручна установа, односно стручен орган или друг орган, а ги донесува министерот. Програмите за дејноста одмор и рекреација на деца содржат особено: назив на програмата, вид и траење, основни задачи и активности.

Програмата за одмор и рекреација на приватното детско одморалиште ја донесува основачот по претходно прибавено позитивно мислење од Министерството.

Програмата, во зависност од видот, обемот и карактерот на дејноста, ги содржи условите, критериумите и стандардите за вршење на дејноста утврдени со овој закон, како и времетраењето, целите и содржините на активностите.

Во приватно детско одморалиште одморот и рекреацијата на деца може да се остварат и во согласност со програмите за остварување на дејноста на јавно детско одморалиште, за што одлучува органот на приватното детско одморалиште во согласност со актот за основање.

Јавно детско одморалиште организира и спроведува програми за (http://www.mtsp.gov.mk/detski-odmoralishta.nspx):

- ✓ зимување;
- ✓ летување;
- ✓ настава во природа и
- ✓ други програми (екскурзии, кампување, излети, походи, семинари, мини-скијачка школа, рекреативно-еколошка школа, исхрана на децата и друго).

Програмата за зимување е наменета за деца од училишна и предучилишна возраст за време на зимскиот распуст, а во останатиот период од зимата детското одморалиште може да работи како установа, односно одморалиште од отворен тип.

Програмата за летување е наменета за деца од предучилишна возраст и за деца од училишна возраст за време на летниот распуст.

Програмата за настава во природа е наменета за деца од училишна возраст и ќе се остварува во согласност со наставните планови на основните училишта.

Другите програми се остваруваат во зависност од потребите на корисниците и слободните термини во детското одморалиште.

Работата во детското одморалиште се организира во групи, во зависност од возраста на децата, и тоа (http://www.mtsp.gov.mk/detski-odmoralishta.nspx):

- ✓ до 6 години живот во групи од 6 до 8 деца;
- ✓ над 6 до 10 години живот во групи од 10 до 15 деца;
- ✓ над 10 до 13 години живот во групи од 15 до 18 деца;
- ✓ над 13 до 15 години живот во групи од 18 до 20 деца; и
- ✓ над 15 до 18 години живот во групи од 20 до 25 деца.

Јавното детско одморалиште донесува годишна програма за работа. Годишната програма за работа содржи особено: организација и работно време на одморалиштето, исхраната, видот на програмите на детското одморалиште, времетраењето на смените на одделните облици на одмор и рекреација, работата на директорот и другите работници во одморалиштето, соработка со воспитно-образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации и здруженија, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Практично, целта на детските одморалишта е развивање на психомоторниот развој на децата и способност за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и другите и ориентација во просторот.

Оваа услуга може да ја користат деца од семејства корисници на социјална парична помош, постојана парична помош, деца корисници на посебен додаток, детски додаток и децата без родители и родителска грижа редовни ученици во петто, шесто, седмо и осмо одделение.

Во детските одморалишта кои стојат на располагање на Центарот за социјална работа, во Република Македонија, услугата може да се користи од страна на 2000 деца во текот на летниот распуст и 1000 деца во текот на зимскиот распуст (http://www.mtsp.gov.mk/detski-odmoralishta.nspx).

# Глава 4. Социјални услуги за деца на улица/улични деца

## 4.1 Прва социјална услуга, помош на поединец и помош на семејство

Со мерки и активности на социјална превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик.

За остварување на социјалната превенција се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Според членот 26 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09), вонинституционалната заштита што се остварува во или преку центарот за социјална работа опфаќа право на: прва социјална услуга на корисници на социјална заштита, помош на поединец, помош на семејство, домашна нега и помош на поединец и на семејството, дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство, сместување во згрижувачко семејство, сместување во мал групен дом, како и организирано живеење со поддршка.

Прва социјална услуга, помош на поединец и помош на семејство, се услуги во кои се воочува проблемот, кој произлегува од состојба на социјален ризик, се дава советодавна или советувалишна работа на семејството, со цел да се надмине ризикот во кој се нашле, од страна на центарот за социјална работа.

Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален

ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање услуги.

## 4.2 Дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и на семејство

Дневно згрижување се обезбедува во вид на дневен престој, исхрана, одржување лична хигиена, организирање културно-забавни и работни активности.

Според членот 31 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09), правото на дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на: старо, изнемоштено лице и друго возрасно лице; лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на лице со телесна попреченост кое не може само да се грижи за себе; дете со телесна попреченост; дете на улица/улично дете; лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори и на членовите на неговото семејство; како и лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависност од алкохол и на членовите на неговото семејство. Правото на згрижување во центар за дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува на лице: бездомник; лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори; жртва на семејно насилство; и жртва на трговија со луѓе.

Општо, може да се констатира дека правото на дневно згрижување се обезбедува на улични деца/деца на улица преку воспитно-едукативни услуги, советувалишна работа со децата и членовите на нивните семејства, културно-забавни и рекреативни активности. Правото на дневно згрижување се обезбедува на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и на членовите на нивните семејства преку давање советодавни услуги, услуги на информирање, советување и едукација, работно ангажирање, културно-забавни и рекреативни активности.

Правото на дневно згрижување се обезбедува на лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол и на

членовите на нивните семејства преку советување, едукација, работно ангажирање и културно-забавни активности.

Помошта во дневно згрижување за лицата, односно дневно и привремено прифаќање и згрижување за лицата наведени во категориите претходно се обезбедува и тогаш кога тие живеат во семејство.

## 4.3 Сместување во згрижувачко семејство

Сместување во згрижувачко семејство е една од формите на вонинституционална заштита на деца и возрасни лица, која се реализира во рамките на системот на социјалната заштита. Оваа форма на заштита ја применуваат центрите за социјална работа низ цела Република Северна Македонија.

Правото на сместување во згрижувачко семејство се обезбедува на:

- ✓ дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование односно шест месеци по завршување на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- ✓ дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство;
- ✓ малолетен сторител на кривично дело или прекршок;
- ✓ лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега и

Сместувањето деца во згрижувачко семејство се користи како инструмент и ресурс во политиката и процесот на деинституционализацијата и развој на вонинституционални форми во локалната заедница (Зборник на трудови од научен собир, 2000).

Во улога на згрижувачки семејства може да се јават сите семејства кои исполнуваат со Закон определени услови. Лицата, односно семејствата кои сакаат да згрижат дете може да се обратат во центарот за социјална работа кој делува на подрачјето на нивното постојано место на живеење.

При изборот на семејство за вршење згрижувачка функција, Центарот се раководи од повеќе критериуми во однос на згрижувачите: нивната возраст, образовен статус, брачен и семеен статус. Етичките прашања и мотивите за чување и одгледување дете се важни прашања кои ги поставуваат на згрижувачките семејства. Центарот понатака ги разгледува прашањата врзани за материјалните и станбените услови во кои живее семејството.

Згрижувачкото семејство има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето и надоместок за згрижување.

### 4.4 Сместување во мал групен дом

Големите институции, како што се домовите за деца без родители, никогаш не може да ги заменат љубовта и поддршката кои се добиваат во семејно окружување. Затоа, УНИЦЕФ помага на Владата да се стави крај на сместувањето деца во големи институции и да се трансформираат институциите за да бидат во поддршка на алтернативи начини на семејно згрижување во заедниците.

Малиот групен дом е една од алтернативите за деца кои не можат да растат во семејство. Во изминатите години во овој дом се обезбедува безбедно и грижливо опкружување налик на семејно кое служи како модел за алтернативен начин на згрижување во заедницата наместо згрижување во големи институции.

Како и другите згрижувачки семејства, малиот групен дом претставува дом каде што мал број деца живеат заедно и добиваат дваесет и четири часа грижа и поддршка од воспитувачите (Зборник на трудови од научен собир, 2000).

Како и во згрижувачки семејства, малиот групен дом на децата им создава чувство на стабилност и припадност.

Обезбедувањето одредена рутина, односно посветување време за секојдневните работи како што тоа се прави во едно вообичаено семејство, како што се јадење, учење или играње, е клучно за децата да развијат чувство на стабилност и припадност.

Во мал групен дом се сместува лице по направена процена на неговите потреби и изготвен план и програма за индивидуална работа од страна на стручен тим во надлежниот центар за социјална работа.

За спроведување на планот и програмата за индивидуална работа во центарот за социјална работа се назначува одговорен стручен работник. Стручните лица во малиот групен дом еднаш месечно доставуваат извештај за секое згрижено лице до надлежниот центар за социјална работа. Врз основа на редовно следење, се врши оценување на реализирањето на планот и програмата за индивидуална работа и истиот се прилагодува во согласност со потребите на корисникот. Стручните лица во малиот групен дом за секоја промена во поглед на згрижувањето, личноста, правата и интересите на згриженото лице во најкраток можен рок треба да го известат центарот за социјална работа на чија територија се наоѓа малиот групен дом. Стручните лица во малиот групен дом треба да добијат соодветна едукација (почетна и континуирана) според програма изготвена и спроведена од ЈУ Завод за социјални дејности, во согласност со Законот за социјална заштита.

За спроведување социјална интеграција на сместените лица, организирање слободни активности, помош во совладување на школските и други активности може да се ангажираат волонтери кои имаат соодветна обука и да се оствари соработка со соодветно здружение на граѓани.

Во мал групен дом во кој се сместуваат деца без родители и без родителска грижа се обезбедува задоволување на основните животни потреби како што се домување, исхрана, одржување на лична хигиена, обезбедување на облека, нега и грижа за здравјето, воспитување и образование, спроведување слободни активности и игра со детето, вклучување на децата во предучилишна установа, следење на школските и воншколските активности на детето, а во соработка со надлежниот центар за социјална работа пружање помош за оспособување на детето за самостоен живот по напуштање на домот.

Стручната помош од психолог, педагог или друг стручен работник на сместените лица може да се обезбеди од стручните работници на центарот за социјална работа или од друга установа, во согласност со наодот на стручниот тим и планот и програмата за индивидуална работа, изготвени од надлежниот центар за социјална работа.

Локацијата на мал групен дом треба да биде во населено место, со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, пристап до основните служби (центар за социјална работа, претшколски и училишни и здравствени институции), да има можности за прифаќање и интегрирање во заедницата и остварување редовни контакти со родителите на сместеното лице.

Објектот треба да биде приклучен на електрична, водоводна и канализациска мрежа, да има приклучено телефонска линија, со можност ориентација на објектот да е исток – југ. Околу објектот треба да има одредена површина на дворно место и изведен приод до објектот кој овозможува непречен пристап за пешаци и возила.

Во мал групен дом во кој се сместуваат деца и помлади полнолетниици со воспитно-социјални проблеми се обезбедува задоволување на основните животни потреби како што се домување, воспитување и образование, исхрана, одржување лична хигиена, обезбедување облека, нега и грижа за здравјето, спроведување работни активности, организирање на слободното време, помош во учењето, водење грижа за училишните и вонучилишните активности, а во соработка со надлежниот центар за социјална работа се остварува процесот на ресоцијализација и пружање помош за оспособување на детето за самостоен живот по напуштање на домот.

На корисниците потребно е да им се обезбеди користење услуги од здравствена заштита, образование, медицинска и психо-социјална рехабилитација во согласност со возраста, видот и степенот на попреченост и индивидуалните потреби на корисникот.

Секое семејство кое пружа поддршка кај детето гради чувство на одговорност и себе вреднување и го подготвува за независен живот. Тоа се гради и во малиот групен дом.

Кога децата постепено се воведуваат да преземат поголема одговорност, не само што им се зголемува самодовербата туку и нивната љубопитност и амбиција.

## 4.5 Самостојно живеење со поддршка

Правото на самостојно живеење со поддршка за лице со ментална или телесна попреченост се остварува во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица, во која се сместени најмногу пет корисници, врз основа на решение од надлежниот центар за социјална работа и програма за остварување на поддршката.

Поддршката на корисникот во станбената единица се обезбедува во зависност од неговата психофизичка состојба, а се насочува кон оспособување за самостоен живот, самостојно купување храна и учество во подготовката на секојдневните оброци, односно самостојно подготвување оброци, развивање на работни активности, помош при вработување, превенција од ризични форми на однесување.

Со организирано живеење се опфатени деца без родители и родителска грижа над 14-годишна возраст до полнолетството или до завршување на редовното образование, а најдоцна до 26 години возраст, а по направена проценка на потребите и изготвен план и програма за индивидуална работа од страна на стручен тим во надлежниот центар за социјална работа, во согласност со Програмата за остварување на поддршката.

Самостојното и организираното живеење со поддршка за деца без родители и родителска грижа обезбедува задоволување на основните животни потреби и тоа: домување, исхрана, одржување на лична хигиена, обезбедување на облека, нега и грижа за здравјето, емоционалната поддршка, воспитание и образование, спроведување на слободни активности, следење на школските и вонШколските активности, располагање со приходи и други парични средства, а во соработка со надлежниот центар за социјална работа, како и пружање помош за професионална ориентација и упис на високообразовните установи, заради оспособување за самостоен живот по напуштање на организираното живеење со поддршка.

# 5. Социјална превенција

## 5.1 Дефиниција

Превенцијата, од аспект на етимологијата потекнува од латинскиот јазик, од зборот „preaventire”, кој преведен значи „спречување на нешто несакано“. Превенцијата претставува начин или средство насочено кон елиминација на причините, условите, како и факторите кои предизвикуваат одредена појава и кои се фокусирани кон спречување на нејзино евентуално настанување во иднина (Чонева, 2000).

Имено, првичните идеи, односно размислувања кои се поврзани со превенција на криминалитетот се забележани уште во 19 век, во Франција. Тоа се случувало за време на големите општествени движења од страна на француските изучувачи и творци на енциклопедијата, во периодот пред Француската револуција. Криминалитетот се појавува како резултат од воспоставувањето на буржоаската држава и како резултат на слабеењето на црковната власт (Чонева, 2000).

Потребно е самиот термин „превенција“ да се корелира исклучително со одредена акција која е насочена кон отстранување на причините на одредена појава/активност/однесување, додека, пак, терминот „репресија“ да се поврзува само со акција која се занимава со последиците, преку употреба на средства за принуда и контрола. Сепак, не секое занимавање со последиците е репресивно. Станува збор за превентивното дејство на санкциите (генерална и специјална превенција), иако одредени автори ја исклучуваат превентивната улога на казнено-правниот систем.

Од аспект на етиологијата на социјалната превенција, големо значење се придава и на средствата за масовни комуникации, како фактори кои имаат влијание врз превенцијата. Живееме во време на развиен систем на масовни комуникации кои постојат со првична цел за информирање, но и за стекнување на нови сознанија и информации, забава и разонода на луѓето. Во системот на овие средства за масовна комуникација, посебен акцент е ставен на телевизијата, филмот и на интернетот (Чонева, 2000).

Имајќи го предвид фактот дека помладите генерации се неоформени личности, истите многу лесно може да потпаднат под влијание, но и поради тоа што немаат сопствени изградени ставови или критериуми за тоа што е добро, а што е лошо, и не се способни самите да извршат селекција во прифаќањето или отфрлањето на она што го нудат овие средства, така истите овие средства за масовна комуникација се наведуваат меѓу позначајните кои имаат влијание на превенцијата.

Понатаму, според своите централни функции, превенцијата на социјалните проблеми или социјалната превенција е клучна општествена улога на центрите за социјална работа која се однесува на нивното учество во реагирањето на криминалот кај децата и малолетниците. Сепак, во нашата практика, оваа општествена улога на центрите за социјална работа е проследена со многу контроверзии, заблуди и еднострaности. Одредени искуства на добра практика од нашата земја, регионот и Европа во однос на ова поле укажуваат на голем потенцијал на социјалната заштита во превенцијата на малолетничкото престапништво, а со самото тоа и превенција на децата на улица/уличните деца (Самоловчев, 1984).

За остварување на социјалната превенција се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита (Rot, 2010)

Според Законот за социјална заштита, реализацијата на мерките и активностите кои се наведени претходно, се остваруваат во центрите за социјална работа во соработка со општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09).

## 5.2 Видови социјална превенција

Со одредени видови мерки и активности на социјална превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот којшто е изложен на социјален ризик, а сѐ со цел за надминување или ублажување на штетните последици кои настануваат поради самата изложеност на социјален ризик.

Имено, социјалната заштита претставува систем на мерки, активности и политики кои се однесуваат на спречувањето и надминувањето на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита (Щербакова, 2009).

Под социјален ризик се подразбираат:

- ✓ ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ✓ ризици на еднородителско семејство;
- ✓ ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично;
- ✓ ризици од сиромаштија; и
- ✓ ризици од друг вид социјална исклученост.

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на население особено преку:

- ✓ едукативно-советувалишна работа,
- ✓ развивање на формите на самопомош,
- ✓ волонтерска работа со лично ангажирање и
- ✓ примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита.

Анализирајќи ја литературата која е поврзана со превенцијата, се наидува на прикажување на основните пристапи на превенцијата кои се делат на правна превенција и социјална превенција.

Правната превенција се однесува на ангажирањето на државните субјекти и законската превенција, додека, пак, социјалната превенција се однесува на ангажирањето на општествените субјекти, како и на општествената превенција.

Поделбите и видовите на социјалната превенција се прикажани на Сликата дадена во продолжение.

Слика 1. Поделби и видови социјална превенција




Извор: Malinauskaite I., Harrison W. D., (2000) The Social Reality of Begging Children of Vilnius : Implications for Non – Governmental Organizations's Practise

Кога станува збор за општата превенција, нејзината цел е создавање објективни услови за живот, кои одредени криминогени фактори, како и некои други негативни влијанија ќе ги елиминира или ќе го намали нивното влијание. Исто така, практичната цел се согледува во отстранувањето на многубројните општествени проблеми, како што се невработеноста, сиромаштијата, општествената нееднаквост, дискриминацијата и слично. Понатаму, социјалната превенција е дел од вкупниот општествен процес. Мерките кои се поврзани со социјалната превенција се однесуваат на мерките

кои се во корелација со економските, здравствените, политичките, образовните и други содржини.

Целта, пак, на посебната социјална превенција се согледува во спречувањето на криминалитетот преку отстранување одредени криминогени фактори и влијанија кои делуваат во потесните општествени кругови. Мерките на посебната превенција се насочени кон специфичноста и кон карактеристиките на одредена средина.

Индивидуалната социјална превенција има за цел преземање мерки според конкретни, поединечно одредени лица и нивните криминогени влијанија. Овде, од големо значење е улогата на полицијата, службите за социјална заштита, здравствените служби, образовните институции, правосудните органи и други. Мерките за индивидуалната превенција се одредуваат во однос на карактеристиките на одредени лица.

Слика 2. Развој на социјалната превенција




Извор: Malinauskaite I., Harrison W. D., (2000) The Social Reality of Begging Children of Vilnius : Implications for Non – Governmental Organizations's Practise

Во развојот на социјалната превенција се споменуваат ситуационата превенција, превенцијата во самата заедница во која се наоѓа или во која припаѓа индивидуата, како и развојната превенција.

## 5.3 Програми и проекти насочени за намалување на бројот на деца на улица/улични деца

Кога станува збор за појавата на деца на улица/улични деца во Република Северна Македонија и за определбата на поимот во тој контекст, може да се каже дека кај нас всушност постојат само деца на улица. Имено, поголемиот дел истражувања и анализи, кои се спроведени во изминатата декада, покажуваат дека во Република Северна Македонија не постојат (во вистинска смисла на зборот) улични деца, туку дека децата кои престојуваат на улица имаат домови и семејства, но економската состојба на семејствата е на многу ниско ниво и отсуствува родителска грижа и заштита.

Во дел од проектите насочени кон децата на улица/улични деца можеше да се заклучи дека повеќето семејства на овие деца примаат некаков вид социјална помош од државата или од меѓународните организации. Најголемиот процент деца на улица во нашата држава се од ромска националност, а потоа следуваат децата од македонската, албанската, турската и другите националности. Поголем процент од децата на улица се од машки пол за разлика од девојчињата кои се помалку застапени. Најчести поведенија кај децата на улица во Република Северна Македонија се од просоцијален и пермисивен карактер (собирање предмети, вршење работни активности и друго), но понекогаш се присутни и асоцијални и непермисивни поведенија (питање, безделничење, талкање и друго), па и антисоцијални поведенија како: вршење кражби, проституција итн.

Целна група на проектите беа деца на улица и нивните родители. За нив беа организирани посебни едукативни работилници. Воедно, целта е и преземање соодветни мерки за нивно привремено згрижување и заштита.

Во изминатиот период, со учество на повеќе релевантни институции, локална самоуправа и невладини организации, изработен е и Протокол за постапување на професионалните структури за справување со проблемот „деца на улица“, од кои најголемиот процент се деца Роми. Во реализирањето на овие активности одржани се повеќе регионални работилници со учество на претставници од 15 општини и 15 ромски невладини организации.

Со овој процес, се настојува да се подигне свеста кај населението за прифаќање на овие деца и нивните семејства, со цел намалување на бројот на улични деца.

Во редовното образование интегрирани се повеќе деца кои посетувале Дневен центар за деца на улица, вклучувајќи ги и децата кои потекнуваат од семејства кои престојуваат во Прифатниот центар за бездомни лица. Исто така, со цел надминување на трансгенерациската сиромаштија кај најранливите групи, преземена е координирана активност со Министерството за внатрешни работи преку мобилни екипи за поддршка на бездомни семејства и семејства на уличните деца, при вадење документи за лична идентификација.

Воедно, а во функција на континуирано јакнење на соработката со граѓанските организации, финансиски се поддржани неколку здруженија на граѓани кои работат во областа на социјална заштита за различни маргинализирани групи, и тоа: лица со пречки во интелектуалниот развој, деца на улица, жртви на семејно насилство, помош и поддршка на деца со воспитно-социјални проблеми, справување со случаи на сексуална злоупотреба и педофилија, инвалидизирани лица. Во оваа насока, 10 невладини организации кои работат во областа на социјална заштита се запишани во регистарот на здруженија на граѓани во Министерство за труд и социјална политика.

Деца на предучилишна или училишна возраст, оскудно облечени и видно запоставени, со подадена рака питаат за милостина од минувачи или посетители на угостителски објекти. Ваква слика сѐ почесто може да се забележи речиси низ цела Македонија, особено на јавните фреквентни места или на семафори каде што овие деца го минуваат денот во питање, сами или заедно со своите родители.

Едно од последните истражувања на Народниот правобранител за состојбата со децата на улица во Република Северна Македонија покажа дека во 17 градови низ земјата се регистрирани 233 деца на улица. Најмногу деца кои се соочуваат со ваква судбина има во Скопје, по што следуваат Битола, Куманово, Велес, Гостивар и Кичево. Меѓу нив има дури и бебиња на само неколку месеци, и тоа во Велес, Прилеп и Гевгелија, а најголемите се на возраст од 17 години.

Според податоците, пак, на Првата детска амбасада во светот Меѓаши дури 2000 деца во Македонија денот го поминуваат на улица во супстандардни услови.

„Деца на улица“ се малолетници кои го поминуваат денот на улица и за нив никој не се грижи. Причината за ова е отсуството на родителска грижа, но и тоа што нивните семејства се сиромашни. Поради тоа, децата се принудени да преживуваат собирајќи старо железо, пластични шишиња и отпадоци од контејнерите. Често препродаваат разни стоки и питаат. Некои од нив и крадат, се проституираат или користат дроги, минувајќи го детството на маргините на општеството.

Регионалната мрежа за деца кои живеат и работат на улица, која сочинува 15 организации од Албанија, Македонија, Србија и БиХ, наведува дека овие деца се обично надвор од системот за социјална и здравствена заштита, питаат, не се вклучени во образовниот систем и често се правно невидливи.

Децата од улица не се препознаени како посебна категорија во ниедна меѓународна конвенција, па со тоа не уживаат посебна заштита. Нема механизми да се заштитат од питање или експлоатација преку работа (Организација „Save the Children“).

Според податоците на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, 18 500 деца во Македонија се исклучени од основно образование, а 30 отсто од нив се без родители и родителска грижа. Под притисок на ваквите фактори дел од нив стануваат деца на улица (Детска амбасада Меѓаши).

Со оглед на тоа што ретко се школуваат, децата на улица немаат можност да се стекнат со квалификации потребни да се вработат и да заработат за живот. Овие деца потекнуваат од семејства каде што често и родителите се нискообразовани и невработени. Дека овие категории се особено погодени потврдува и Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Северна Македонија 2010–2020, во која се посочува дека меѓу оние кои се најизложени на ризик од сиромаштија и социјално исклучување се и домаќинствата во кои ниеден член не е вработен и

домаќинствата каде што главата на семејството има ниско ниво на образование.

За да им се помогне на овие деца, низ државата се формирани дневни центри кои нудат различни услуги и за децата и за нивните семејства. Односно, тука тие добиваат можност да ја одржуваат својата лична хигиена, да се воспитуваат и да учат, но и да се забавуваат и рекреираат, како и да добијат совети од различни области (Закон за социјална заштита, „Службен весник на РМ“ бр. 79/2009). Со нив работи мултидисциплинарен тим, при што за секое дете се изготвува индивидуален план за работа. Ваков дневен центар може да биде основан од страна на државата, општините, невладиниот и приватниот сектор.

Благодарение на „Лице в лице“, проект на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“, педесетина граѓани од социјално загрозени категории, меѓу кои и деца од улица, работат и остваруваат приход. За таа цел се издава уличното списание „Лице в лице“, чии продавачи се токму овие граѓани. Со списанието се прават обиди за да се подигне јавната свест по различни општествено важни прашања, а дистрибуцијата ја вршат 10 партнерски организации од Скопје, Битола, Неготино, Охрид и од Струга (НВО „Паблик“). Акцентот кај овие проекти се става на враќањето на децата од улица во училишните клупи.

Од деца на улица, кои го поминуваат денот питајќи, преку реализираните програми и проекти, како на пример продавајќи го списанието „Лице в лице“, децата прераснуваат во лица кои работат, учат и напредуваат. Порано, овие деца времето го минуваа на семафори.

Интеграцијата на овие деца не е лесна. Многу упорност и труд се потребни за едно дете од улица да застане на свои нозе.

Повеќето од нив на почетокот биле тивки и повлечени. Но, упорната работа како продавачи, на пример, на списанието ги поттикнуваат да внимаваат на своето однесување и да се стекнат со самодоверба (Центар за згрижување на деца од улица).

Дека програмата „Лице в лице" е вистинска шанса за децата на улица зборува и податокот дека повеќемина од првата генерација деца на улица се запишале во средно училиште.

Понатаму, многу фактори влијаат на тоа дали овие деца ќе застанат на свои нозе. Ним и на нивните семејства им тежат и сиромаштијата и ниското ниво на образование. Но, неретко овие деца се принудени токму од нивните семејства да питаат или да работат. Сè уште е голем бројот на родители кои не се казнети поради злоупотреба на децата и детскиот труд, за што државата декларативно се залага.

Кога ќе се земе предвид и тоа дека голем број од овие деца се Роми, не треба да заборавиме дека Северна Македонија презеде обврски и со Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, со која нашата држава претседаваше од јули 2011 до јуни 2012 година, посветена на потребата од подобрување на условите за живот на оваа популација. Сепак, има многу работа за справување со предизвиците во оваа област, меѓу кои злоупотребата на детскиот труд чие искоренување сè уште е далечна цел, иако во владејачката коалиција седат неколку ромски партии.

Не е прв пат за некоја област да се каже дека Република Северна Македонија има добри закони, но прашање е дали тие добро се спроведуваат. Практиката затајува и во оваа област. За справување со сиромаштијата во Мултидисциплинарниот протокол на Министерството за труд и социјална политика за постапување со деца на улица како специфична стратешка цел се посочува потребата од оформување нов социјален модел и концепт насочен кон поединецот и неговите потреби, но во практика овие деца тешко се вклучуваат во програмите за социјална интеграција, а уште потешко остануваат во нив доволно долго за стабилно да застанат на свои нозе.

Во истиот протокол се наведува потребата да се обезбеди целосен опфат на учениците во основно и средно образование, да се подигне нивото на писменост и нивото на образование на населението, а образовниот систем да се прилагоди на потребите на пазарот на трудот.

Паралелно со ова, стојат и препораките од невладиниот сектор дека е потребен меѓусекторски пристап за успешно справување со предизвиците со кои се соочува оваа категорија деца, дури и кога напредуваат преку проекти како што е продажбата на улично списание.

Овие луѓе се мошне специфични и за нив е потребен специфичен пристап за да можат да го задржат трендот на напредок. Потребен е сериозен повеќестран третман на овие лица, ние сме само една алка.

Очигледно е дека, покрај невладините активисти, програми и проекти кои се насочени кон намалување на бројот на децата на улица, и државните службеници вработени во овие ресори треба да ги засукаат ракавите и да обезбедат спроведување во практика на законските одредби од оваа област, вклучувајќи ги и санкциите за прекршителите, но и да овозможат поддршка на невладиниот сектор кој се обидува да им овозможи алтернативи на децата од улица.

Само така државата ќе демонстрира вистински стремеж за изградба на кохезивно општество во кое борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост ќе значат постоење на еднакви шанси и можности за сите.

# II. Истражувачки дел

## 1. Формулирање на проблемот на истражување

Проблемот на децата на улица станува сè поактуелен и поприсутен. Социјалниот феномен на децата на улица не е типичен само за современите трендови во нашето општество. Овој феномен постоел во време на социјализмот и уште порано.

Сепак, се чини дека феноменот станува сè повеќе присутен и проширен и покрај големиот број проекти спроведени од страна на здруженија на граѓани за решавање на оваа негативна социјална појава. Исто така, беше спроведено истражување за да се испита овој феномен, не само од гледна точка на децата на улица, но и во поглед на животот на најранливите групи на население. Сепак, останува заклучокот дека овој феномен не е доволно истражен. Потребни ни се доброуправувани инвестиции, во насока на состојбата на децата, ангажирање владини организации и здруженија на граѓани за да дојде до еден пресврт кој ќе биде во полза на најранливите деца. Со оглед на тоа дека процесот на децентрализација продолжува, потребни се крајни напори за социјален развој и квалитетни услуги кои ќе бидат приоритет на локалните власти.

Во Република Северна Македонија меѓу управните проблеми се споменуваат: недостигот од фискална транспарентност, корупција, неефективен развој на политики, слаб институционален капацитет и неефикасна застарена бирократија, кои влијаат врз капацитетот на Владата да ги исполни обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето. Пристапот на Северна Македонија кон Европска Унија нуди извонредни можности за постигнување резултати во социјалниот развој, кои се насочени кон сиромашните и децата на улица. Некои од клучните европски процеси и политички документи го имаат формирано профилот на социјална заштита на децата на улица.

Децата на улица не ги остваруваат повеќето од основните права. Повредени им се правата на соодветен стандард на живеење, социјална и здравствена заштита, домување, слобода на движење, образование, како и развојните права. Неостварувањето на основните права влијаат негативно врз овие лица.

Се тврди дека и децата на улица и проблемот со бездомништвото се конструкции кои се вешто изманипулирани, со цел да ги одразуваат различните агенди и интереси на засегнатите страни, како што се центрите за социјална работа. На пример, многу големи процени на бројот на деца на улица се создава за да се привлече внимание кон потребата на работата на ваквите центри. Во најдобар случај, овие процени се темелат на еластични и небулозни дефиниции на бездомниците и децата на улица, а во најлош случај тие се измислени.

Многу публикации за децата на улица ја импресионираат читателската публика токму поради големината на проблемот. Станува збор за бројки, а бројките се исклучително запрепастувачки високи. Имаме 100 милиони млади кои пораснале во центарот на урбаните улици насекаде низ светот (УНИЦЕФ 1989, цитирано во Campos 1994). Друга процена е дека има 170 милиони кои живеат на улица (Pinto et al. 1994), или даваат опсег за децата на улица од 30 до 170 милиони (Обединети нации 1986, цитиран во Беркер и Кнсул, 1991). Процените ќе се разликуваат и ќе варираат, се разбира, во однос на тоа како мобилната популација на деца се смета, и што е најважно точно кои се сметаат за инклузија, затоа што уличните деца имаат различни значења во различни региони. На пример, на Филипините се означуваат оние кои го поминуваат најголем дел од своето време на улица но сѐ уште одржуваат контакти со семејството (УНЕСКО 1995).

Спротивно на ова, попрецизно може да се означат оние деца кои во текот на ноќта немаат каде да одат бидејќи им се изгубени сите контакти со семејството. Тоа значи дека процените на центрите за социјална работа не се секогаш засегнати со исти категории на деца. Ennew (1944) категорично истакнува дека „Ниту УНИЦЕФ, ниту МОТ (Меѓународна организација на

трудот) не може да даде сигурни или проверени бројки за бројот на децата на улица во светот“.

Имајќи ги предвид тешкотиите што ги опфаќаат категориите на децата на улица, Hutz и Koller (1999) сугерираат дека „можеби е посоодветно начинот на класифицирање на уличните деца да е во однос со ризиците на кои се тие изложени“ (контакти со банди, употреба на психотропни супстанции, напуштање на училиште и неадекватно родителско воспитување, и заштитните фактори кои им се достапни, како на пример училиште, поддржувачи на социјалните групи и грижа за деца на улица).

Овие автори, сепак, забележале дека ризикуваат со самото истражување, бидејќи децата на улица се еден сложен проблем.

Во јавното здравје, факторите на ризик се варијабли кои го предиспонираат поединецот на болест, проценката на ризикот произлегува од статистичкото мерење на тие фактори кои се прикажани за да влијаат врз здравјето и благосостојбата. Во случајот деца на улица факторите на ризик се сиромаштија, семејна дисфункција, етничка припадност, пол, возраст, образование, попреченост, работно искуство и стабилност на живеење. Меѓутоа, тоа е примамливо да се генерализира од статистичка изјава во врска со специфични фактори на ризик за квалитативна категорија на деца. Сето ова води до бескорисни претпоставки за генерализирана ранливост и претставува дополнителен пример за категорично размислување за децата. Покрај тоа, факторите на ризик се засноваат на пресметаните, изложени ризични дискурси кои поттикнуваат на непроценливата перцепција, на страв или опасност. Особено кога станува збор за децата, анксиозноста како ризик е фокусирана на оние кои се под јавен надзор, не припаѓаат на социјалните граници и се перципираат како загрозена или опасна група. Самиот проблем на истражување за оваа ранлива категорија е проблематичен.

Терминот деца на улица служи да потенцира збир на работа и животни услови кои се разликуваат од прифатените норми на останатите деца. Така, децата на улица кои секојдневно се на улица и на јавните места во центрите на урбаните простори немаат надзор од возрасните и се оставени сами на себе, што на некој начин ги тера луѓето да ги гледаат поразлично од останатите деца.

Сепак, истражувањата покажаа дека кога истражуваме за деца на улица треба секогаш да се фокусираме еден степен погоре бидејќи секогаш има нешто повеќе од она што веќе е откриено.

## 2. Цели и задачи на истражувањето

Во овој труд, пред сè, како сеопфатна цел, истражувањето беше насочено кон социјалната поддршка на уличните деца/деца на улица и нивните социјални проблеми како и нивната психосоцијална благосостојба.

За да се постигне ова, прво беа идентификувани недостатоците во разбирањето на социјалните проблеми, беше направена нивна подетална анализа, по што би можело, на крај, да се дојде до алтернативни начини за нивно отстранување во рамките на можностите.

Прво, како што беше наведено и во теоретскиот дел на трудот, терминот деца на улица е широко користен, но истиот е дефиниран на безброј начини. Во академската литература, овој термин покрива широк спектар на прашања вклучувајќи ги, но не и ограничувајќи ги, менталните, емоционалните, социјалните, физичките, економските, културните потреби и духовното здравје.

Второ, иновативните практики во програмирањето на децата на улица постојано се развиваат. Многу локални програми нудат перспективи и идеи до меѓународните организации. Важна цел овде е да бидат свесни за овие најактуелни практики што придонесуваат за нивни успех и цел за да бидат што повеќе стратешки во нивното финансирање затоа што тие имаат големо влијание врз животот на децата на улица.

Трето, императив е да се знае како да се обезбеди доказ за поткрепа на придобивките од децата на улица.

Моменталната улога на DCOF (Displased Children and Orphans Fund) во финансирањето на многу проекти и програми за деца има неколку важни цели, од кои дел беа и прикажани во самиот теоретски дел од трудот, а тие се:

1. Испитување на видовите социјална поддршка на деца на улица;
2. Утврдување на формите на работа со деца на улица:
   - ✓ Индивидуални и
   - ✓ Групни;
3. Утврдување на правата и услугите кои ги остваруваат децата на улица и нивните семејства во областа на социјална и здравствена заштита;
4. Утврдување на видовите социјални услуги на родители семејства на деца на улица;
5. Идентификување ветувачки алатки и индикатори кои ја мерат психосоцијалната состојба.

## 3. Практична и научна цел на истражувањето

Практичната цел на ова истражување беше да се креираат одредени предлози и закони кои ќе може да се имплементираат во македонското законодавство со цел да се намали бројот на деца на улица и конструктивното спроведување на законските мерки со посебен акцент на превентивните мерки и почитување на правата на детето.

Со ова истражување планирано е практично да се направи обид за да се утврдат капацитетите на надлежните институции и да се дадат соодветни насоки за тоа како може да се зајакне нивниот капацитет. Како многу важен аспект е унапредувањето на соработката меѓу владините институции и здруженија на граѓани во поглед на остварувањето и заштитата на правата на детето.

Зајакнување на капацитетите во центрите за социјална работа за препознавање на семејства кои се со зголемен ризик од запоставување и злоставување на децата.

Специјализација и професионализација на сите лица кои работат со децата, кои дошле во судир со законот, а посебно лица кои работат на сите видови на запоставување како што се: сексуално, физичко, емоционално запоставување и злоупотреба на дрога.

Главна цел е да се зајакне улогата на децата и да се даде апсолутен приоритет на нивните права и интереси.

Основни принципи и права што го сочинуваат триаголникот на правата на децата утврдени со Конвенцијата за правата на детето се:

- ✓ Забрана на дискриминација – која треба да дојде до израз во законската регулатива со предвидување на еднакви можности и услови за остварување заштита на правата на децата: при донесување конкретни одлуки и преземање какви било мерки што се однесуваат на децата и сите органи и поединци законски да го почитуваат начелото недискриминација, а за непочитување на истото да се пропишат и казнени мерки.
- ✓ Да им се дозволи и овозможи на децата – да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања од локално значење во средината каде што живеат и да го изразуваат своето мислење на разни дозволени начини преку мирно собирање, детски здруженија, организации, преку училиштата, единиците на локалната самоуправа и сл.
- ✓ На децата да им се обезбеди соодветен пристап до сите информации – од значење за нивната благосостојба, но и да бидат заштитени од информации штетни за нивниот психофизички развој.
- ✓ Едукација на пошироката јавност за правата на децата, а особено едукација на децата за концептот на човековите права и слободи, со цел за нивна обука и подготовка да ги распознаат правата и обврските и да се стекнат со вештини на самозаштита од разни повреди и злоупотреби.

- ✓ Вклучување на сите деца во образовниот процес, а особено на децата од руралните средини и децата на улица со поддршка на државата и со стимулативни мерки за посета на образовните институции.

Со истражувањето ќе се опфатат прашања кои ќе послужат како основа на планирање на сите понатамошни активности за планирање на спречувањето, интервенцијата и рехабилитацијата на децата на улица.

Имајќи ја предвид сложеноста, односно драматичноста, посебно неизвесната сегашност и иднина на децата на улица, истражувањето во најпрв ред беше насочено на следниве прашања:

- ✓ Дефинирање на поимот деца на улица (кои се тие, каде се, кои се нивните потреби, психолошки и социјални карактеристики итн.);
- ✓ Утврдување на изворите – причините на појавата на деца на улица (непостоење, недоволно и несоодветна семејна грижа, недоволна или несоодветна социјална заштита, недоволно или несоодветно остварување на детските права);
- ✓ Утврдување на степенот на физичката психичката и социјална загрозеност и нејзините рефлексии врз физичкото, психичкото и социјалното функционирање во адолесценцијата и зрелата возраст;
- ✓ Изработка на методологија за спречување, социјална заштита и рехабилитација и реинтеграција на децата од улица во училишната средина, семејството и општеството;
- ✓ Анализа на учеството на институциите, министерствата и стручните установи за социјална заштита за интервенција и намалување на бројот на улични деца.

## 4. Методи, техники и инструменти во истражувањето

За ова истражување, кое претставува еден комплексен проблем како и за реализација на потребите, употребени се повеќе техники и инструменти за собирање податоци кои ќе придонесат за успех на истражувањето. За подетално

да се анализира комплексноста на проблемот во овој труд, беше употребен методолошкиот приод кој содржи и квантитативна и квалитативна истражувачка стратегија, односно индуктивен и дедуктивен приод, бидејќи и самата проблематика бара поголем број испитаници со различни обележја.

Сите истражувања се дела на фундаментални и применети истражувања. Во оваа теза е искористено применето истражување кое е фокусирано на практични решенија за проблемот. За подетална анализа е употребено и акциско ориентирано истражување.

Акциониот пристап има квалитативен карактер поради непосредниот контакт на истражувачот и истражувачката појава. Со акциониот пристап се испитува воспитната запуштеност кај децата на одредена територија, но истовремено може да се откријат и други проблеми кои се поврзани со истите деца и нивните семејства.

Со самата методологија на ова истражување се опфаќаат и некои методи и техники со кои би можело да се дојде до јасни и точни сознанија. Трудот во себе опфаќа и толкување на добиените информации од емпириски истражувања кои ја истакнуваат самата методологија на истражувањето и пристапот кој се користи е логичен, концизен и научно базиран.

Во целиот магистерски труд, со наслов „Социјална поддршка на децата на улица/улични деца“, како што можеше да се забележи во досега изнесеното, употребена е како домашна така и странска литература на реномирани светски и домашни автори.

### 4.1 Метод на анализа

*Анализа на содржина на материјали* – Во теоретскиот дел на ова истражување беа користени индикатори од разни бази на статистички податоци од Република Северна Македонија, голем број документи, изданија стручна литература на домашни и странски автори, списанија, книги, публикации, статии, веб страници, прирачници и зборници и научни трудови кои се поврзани со социјалната поддршка на децата на улица/улични деца.

*Нестандардизирано интервју/Анкетен прашалник* – Интервјуто, кое е прикажано во продолжение на овој дел на трудот, е во склоп на Анкетен прашалник кој е насочен, пред сè, кон родителите на децата на улица.

Анкетниот прашалник, како и нестандардизираното интервју ќе се одржат во Шуто Оризари, на родители на деца на улица кои соработуваат со здружението на граѓани Центар за интеграција Амбрела.

Амбрела е центар за развој и интеграција во заедницата кој функционира како мултикултурна, непрофитна, заедница организација која е посветена на локално (во акција ориентирана) помош на ромските заедници во Македонија, на национално и на меѓународно ниво (креирање политики) со приоритет на човековите права и родовата еднаквост.

Препознавајќи ги бариерите со кои младите, жените и старите лица се соочуваат во нивните напори за самозајакнување, Амбрела има за цел да им овозможи да учествуваат поцелосно во македонското општество и да им помогнат во стекнување самосвест и вештини потребни за постигнување самоодобрување и, каде што е можно, поддршка на нивната десегрегација, социјална еднаквост и учество.

Анкетниот прашалник е прилагоден за родителите на децата на улица и опфаќа прашања кои се поврзани со:

- ✓ социо-економската структура на семејството;
- ✓ приврзаноста на родителите со нивните деца;
- ✓ за развојот и поддржувањето на детето;
- ✓ прашања поврзани со проблемите со кои се соочуваат родителите и децата;
- ✓ активностите на децата на улица во домот и на улица и слично.

Оваа техника претставува најсоодветна и многу важна техника за потребите на ова истражување кое е доста специфично.

Нестандардизираното интервју придружено со анкетен прашалник овозможува да се изврши и набљудување, кое инаку е техника која во повеќе случаи е наметлива, но во овој случај е придружена со разговор и планирано е да биде мошне поефикасна.

### 4.2 Компаративен метод

Со примена на методот на компарација ќе се направи компаративна анализа на различните искуства кај нас во Северна Македонија, кои се поврзани со децата на улица или уличните деца, како и европските искуства и нивните начини и техники на соочување со оваа целна група.

### 4.3 Партиципирачко набљудување

Оваа техника е користена бидејќи се смета дека е најуспешна во проучувањето на појавата на деца на улица. Ќе се направи набљудување кое ќе биде плански и систематски. Директното набљудување на децата на улица во одреден временски период ќе придонесе појавите или однесувањата да се забележат онака како што се случуваат. Со партиципативното набљудување ќе се воочат појавите како што се: употреба на специфичен жаргон, заемни дејствија во групите, однесувањето на децата во конкретно настанатата ситуација, природа на однесување, прибирање поединечни факти и слично.

## 5. Хипотетска рамка

**Основна хипотеза:**

***„Се претпоставува дека социјалната поддршка на деца на улица/улични деца е во согласност со нивните индивидуални потреби“.***

**Поединечни хипотези:**

- ✓ „Се претпоставува дека видот на социјалната поддршка зависи од местото на живеење".
- ✓ „Се претпоставува дека најчесто применувана форма на поддршка на деца на улица од областа на социјална заштита е престој во дневен центар".
- ✓ „Се претпоставува дека во работата со деца на улица се применува групна работа".
- ✓ „Се претпоставува дека на поголем број деца на улица се обезбедува остварување услуги од областа на здравствена заштита".
- ✓ „Се претпоставува дека поголем број деца на улица добиле социјална поддршка во областа на вклучување во образовниот систем".
- ✓ „Се претпоставува дека на родителите на деца на улица се дава поддршка преку едукација за нивната улога во поддршка на децата во извршувањето на училишните обврски".

**Варијабли во истражувањето**

Варијаблите во истражувањето се групирани во две групи:

1. Независни варијабли: пол, возраст, образование, етникум, село, град.
2. Зависни варијабли: социјална поддршка, групна работа, здравствени цели, образовни услуги, едукација на родители.

## 6. Очекувани резултати

Во текот на истражувањето за оваа тема, невозможно е да не се постават безброј прашања кои се од морален, филозофски, конкретен и правен карактер.

Целокупното истражување во магистерскиот труд со наслов „Социјална поддршка на децата на улица/улични деца" треба да ги открие најважните фактори кои влијаат негативно врз оваа категорија на деца, за да може да се

даде насока за нови форми, меѓународна соработка, преземање соодветни акции, подигнување на свеста кај луѓето. Следен важен чекор е имплементација во реалноста на сите договори и активности кои ќе треба да се преземат од страна на институциите, а кои се во полза на децата. Резултатите ќе покажат до кој степен треба да се вклучат образовните, социјалните и семејните мерки за намалување на големиот број деца на улица.

## 7. Анализа на резултатите од истражувањето

За спроведеното истражување наменски е изготвен еден анкетен прашалник наменет за родителите на децата на улица. Испитаниците се обезбедени преку Центарот за интеграција Амбрела. Во истражувањето се опфатени вкупно 108 испитаници. Истражувањето се спроведе во ноември/декември 2018 година.

Анкетниот прашалник е од затворен тип и содржи 29 адаптирани прашања, односно тврдења, наменети за родителите на децата на улица, на кои испитаниците имаа можност да одберат едно од трите понудени опции за одговор (А = НЕ, Б = ДЕЛУМНО и В = ДА).

Но, на самиот почеток се дадени демографските податоци. Демографските податоци на испитаниците се следните:

## Пол на испитаниците

Според полот на испитаниците, 64 или 59% се машки пол, додека останатите 44 или 41% се припадници на женскиот пол. На Графиконот во продолжение наведеното е прикажано и графички.




**Графикон 1. Пол на испитаниците**




**Графикон 2. Возраст на испитаници**

Според возраста, 7 или 6% од испитаниците се на возраст помала од 20 години, од 20 до 30 години се 31 испитаник или 29%, помеѓу 30 и 40 години се вкупно 33 или 31%, помеѓу 40 и 50 години се 25 испитаници или 23%, а повеќе од 50 години се вкупно 12 испитаници или 11% од вкупниот број.




**Графикон 3. Образование на испитаниците**

Од вкупно 108 испитаници, без образование се 32 или 29%, со завршено основно образование се 66 испитаници или 62%, со завршено средно образование се 10 испитаници или 9%, додека, пак, нема испитаници кои имаат завршено високо образование.

## Етничка припадност на испитаниците

Како што може да се забележи и на Графиконот, од македонска националност се вкупно 4 испитаници или 4%, од албанска се 14 испитаници или 13%, од ромска се 79 или 62%, а турска националност се 11 или 10.




**Графикон 4. Етничка припадност на испитаниците**




**Графикон 5. Место на живеење на испитаниците**

Во продолжение се претставени резултатите добиени од испитаниците, односно од 108-те испитаници, родители на децата на улица. Добиените резултати се прикажани табеларно и графички.

Првиот исказ кој е адаптиран и поставен за истражувачката популација гласи: ***Мислењето на испитаниците за значењето на првата социјална услуга.*** Ова право се однесува на корисниците на социјална заштита и има за цел воочување на проблемот или состојбата на ризик со кои се соочуваат овие лица, начини за можни решенија и услуги и насочување кон установи кои можат да дадат соодветни решенија.

На овој исказ од 108 испитаници во истражуваната популација се добиени следниве резултати: А) НЕ одговориле 9 испитаници, што претставува 8% од испитаниците, Б) ДЕЛУМНО одговориле 6 испитаници, што претставува 6% од испитаниците и В) ДА одговориле 93 испитаници, што претставува 86% од испитаниците.

Табела 1. Мислењето на испитаниците за значењето на првата социјална услуга

| ***Мислењето на испитаниците за значењето на првата социјална услуга*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 1** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 9 | 6 | 93 | 108 |




Графикон бр. 1. Мислењето на испитаници за значењето на прва социјална услуга

Второто прашање, односно второто тврдење, кое е адаптирано поставено на истражуваната популација, гласи: ***Мислењето на родителите за потребата од домашна помош и нега.*** Правото на домашна помош и нега е неопходно и се обезбедува на лице со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, на старо и изнемоштено лице и на лице кое не е во состојба да се грижи за себе и затоа има потреба од домашна помош и нега за да може да ги оствари егзистенцијалните потреби.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници, добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 18 испитаници, што претставува

17% од испитаниците и со В) ДА одговориле 79 испитаници, што претставува 73% од испитаниците.

Табела 2. Мислењето на родителите за потребата од домашна помош и нега

| ***Мислењето на родителите за потребата од домашна помош и нега*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 2** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 11 | 18 | 79 | 108 |




Графикон бр. 2. Мислењето на родителите за потребата од домашна помош и нега

Третото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваната популација, гласи: ***Мислењето на родителите за потребата од сместување во згрижувачко семејство или мал групен дом.***

Заштитата на децата од улица или улични деца може да се остварува преку ова право така што децата може да бидат сместени кај близок сродник (старателство), посвоени, сместени во згрижувачко семејство или во институција. Во Република Македонија бројот на згрижувачки семејства постојано расте, првите згрижувачки семејства порано ги имало само во Скопје, денес имаме во повеќе градови кај нас, и тоа во Крива Паланка, Крушево, Македонски Брод, Куманово, Велес, Битола, Кочани, Кичево, Кавадарци,

Пробиштип и Охрид. Се прават напори мрежата од згрижувачки семејства да се прошири бидејќи е од големо значење особено за децата на улица.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 12 испитаници, што претставува 11% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 15 испитаници, што претставува 14% од испитаниците и со В) ДА одговориле 81 испитаници, што претставува 75% од испитаниците.

Табела бр. 3. Мислењето на родителите за потребата од сместување во згрижувачко семејство или мал групен дом

| ***Мислењето на родителите за потребата од сместување во згрижувачко семејство или мал групен дом.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 3** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 12 | 15 | 81 | 108 |




Графикон бр. 3. Мислењето на родителите за потребата од сместување во згрижувачко семејство или мал групен дом

Четвртото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Мислењето на испитаниците за соодветна институционална заштита.*** Институционалната заштита опфаќа право

на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 10 испитаници, што претставува 9% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 19 испитаници, што претставува 18% од испитаниците и со В) ДА одговориле 79 испитаници, што претставува 73% од испитаниците.

Табела бр. 4. Мислењето на испитаниците за соодветна институционална заштита

| ***Мислењето на испитаниците за соодветна институционална заштита.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 4** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 10 | 19 | 79 | 108 |




Графикон бр. 4. Мислењето на испитаниците за соодветна институционална заштита

Петтото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Мислењето на испитаниците за зависноста на социјалната поддршка од местото на живеење.*** Услугите на социјалната заштита се спроведуваат преку одредени форми на давање

поддршка и помош на поединецот и семејството поради подобрување на квалитетот на животот, отстранување или намалување на ризикот од несаканите животни околности, како и потребата за создавање можност за самостојно живеење во општеството. Социјалната поддршка во голема мера зависи од местото на живеење токму поради тоа што во некои места ги нема потребните услови за да може да се извршат сите форми на социјална заштита.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 15 испитаници, што претставува 14% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 9 испитаници, што претставува 8% од испитаниците и со В) ДА одговориле 84 испитаници, што претставува 78% од испитаниците.

Табела бр. 5. Мислењето на испитаниците за зависноста на социјалната поддршка од местото на живеење

| ***Мислењето на испитаниците за зависноста на социјалната поддршка од местото на живеење*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.5** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 15 | 9 | 84 | 108 |




Графикон бр. 5. Мислењето на испитаниците за зависноста на социјалната поддршка од местото на живеење

Шестото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Мислењето на испитаниците дека лицата од урбаните средини добиваат поквалитетна социјална поддршка.*** Лицата од урбаните средини добиваат поквалитетна социјална услуга и поддршка токму поради поголемиот број институции од областа на социјалната заштита, како и подобрите услови кои ги имаат во однос на руралните средини кај кои ова се смета за голем недостаток и проблем кој треба да се реши.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 41 испитаници, што претставува 38% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 22 испитаници, што претставува 20% од испитаниците и со В) ДА одговориле 45 испитаници, што претставува 42% од испитаниците.

Табела бр. 6. Мислењето на испитаниците дека лицата од урбаните средини добиваат поквалитетна социјална поддршка

| ***Мислењето на испитаниците дека лицата од урбаните средини добиваат поквалитетна социјална поддршка.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.6** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 41 | 22 | 45 | 108 |




Графикон број 6. Мислењето на испитаниците дека лицата од урбаните средини добиваат поквалитетна социјална поддршка

Седмото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Мислењето на испитаниците за присутноста на дневни центри во нивното опкружување.***

Дневните центри се повеќе од неопходни особено во околините каде што имаме поголема број деца на улица или улични деца, овие центри им овозможуваат задоволување на основните егзистенцијални, духовни, образовни и социјални потреби кои се од големо значење за секое дете. Постојат дневни центри во кои, освен децата, и родителите ги користат услугите кои ги пружа дневниот центар. Во дневните центри се овозможуваат рекреативни и образовни работилници како за децата така и за нивните родители и овозможуваат понатамошен напредок и кај децата и кај родителите. Едукативните работилници им овозможуваат на родителите да им помагаат на своите деца во образовниот процес што е од големо значење и олеснување за овие деца.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 22 испитаници, што претставува 21% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 9 испитаници, што претставува 8% од испитаниците и со В) ДА одговориле 77 испитаници, што претставува 71% од испитаниците.

Табела бр. 7. Мислењето на испитаниците за присутноста на дневни центри во нивното опкружување

| ***Мислењето на испитаниците за присутноста на дневни центри во нивното опкружување*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ВРАБОТЕНИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 7** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 22 | 9 | 77 | 108 |




Графикон бр. 7. Мислењето на испитаниците за присутноста на дневни центри во нивното опкружување

Осмото прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Дневните центри ги имаат сите потребни услови за пристоен престој.*** Потребно е сите дневни центри да ги содржат соодветните услови за работа, за да можат успешно да се реализираат посакуваните цели во работата со децата на улица. Мислењето на родителите е од голема важност бидејќи можат да посочат кои услови се од големо значење за нивните деца, а ги нема во дневните центри кои ги посетуваат нивните деца.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 19 испитаници, што претставува 18% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците и со В) ДА одговориле 78 испитаници, што претставува 72% од испитаниците.

Табела бр. 8. Дневните центри ги имаат сите потребни услови за пристоен престој

| ***Дневните центри ги имаат сите потребни услови за пристоен престој.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 8** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 19 | 11 | 78 | 108 |




Графикон бр. 8. Дневните центри ги имаат сите потребни услови за пристоен престој

Деветтото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***До сега повеќе од еднаш член од семејството на испитаниците бил сместен (згрижен) во дневен центар.***

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 31 испитаници, што претставува 29% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 21 испитаници, што претставува 19% од испитаниците и со В) ДА одговориле 56 испитаници, што претставува 52% од испитаниците.

Табела бр. 9. До сега повеќе од еднаш член од семејството на испитаниците бил сместен (згрижен) во дневен центар

| ***До сега повеќе од еднаш член од семејството на испитаниците бил сместен (згрижен) во дневен центар.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 9** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 31 | 21 | 56 | 108 |




Графикон бр. 9. До сега повеќе од еднаш член од семејството на испитаниците бил сместен (згрижен) во дневен центар

Десеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Барем едно од децата на испитаниците биле сместени во дневен центар или во друга установа за сместување деца.*** Поголемиот број од испитаниците веќе се имаа соочено и запознаено со вакви состојби во кои нивните деца биле сместени во дневен центар. Родителите се задоволни од условите кои се овозможуваат во дневните центри бидејќи тие самите немаат услови за да го овозможат тоа што е неопходно, а кое овие центри го овозможуваат. Но, се дискутира и за недостатоците кои ги поседуваат овие центри сѐ со цел доаѓање до соодветни начини за надополнување на истите.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 13 испитаници, што претставува 12% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 25 испитаници, што претставува 23% од испитаниците и со В) ДА одговориле 70 испитаници, што претставува 65% од испитаниците.

Табела бр. 10. Барем едно од децата на испитаниците биле сместени во дневен центар или во друга установа за сместување деца

| ***Барем едно од децата на испитаниците биле сместени во дневен центар или во друга установа за сместување деца.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 10** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 13 | 25 | 70 | 108 |




Графикон бр. 10. Барем едно од децата на испитаниците биле сместени во дневен центар или во друга установа за сместување деца

Единаесеттото прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Користењето на капацитетите на детските одморалишта од страна на децата на испитаниците.***

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 14 испитаници, што претставува 13% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 11% од испитаниците и со В) ДА одговориле 82 испитаници, што претставува 76% од испитаниците.

Табела бр. 11. Користењето на капацитетите на детските одморалишта од страна на децата на испитаниците

| ***Користењето на капацитетите на детските одморалишта од страна на децата на испитаниците.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 11** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 14 | 12 | 82 | |




Графикон бр. 11. Користењето на капацитетите на детските одморалишта од страна на децата на испитаниците

Дванаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Сметам дека во дневните центри за престој работат компетентни лица.*** Повеќето од родителите на ова прашање имаат потврден одговор бидејќи некои од нив исто така ги посетуваат овие дневни центри и можеа и самите да ги видат и користат услугите кои се овозможуваат таму.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 9 испитаници, што претставува 8% од испитаниците и со В) ДА одговориле 88 испитаници, што претставува 82% од испитаниците.

Табела бр. 12. Мислењето на испитаници дека во дневните центри за престој работат компетентни лица

| ***Сметам дека во дневните центри за престој работат компетентни лица*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.12** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 11 | 9 | 88 | 108 |




Графикон бр. 12. Мислењето на испитаници дека во дневните центри за престој работат компетентни лица

Тринаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Со децата на улица најчесто работи искусен кадар од центрите за социјална работа.***

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 16 испитаници, што претставува 15% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 21 испитаници, што претставува

19% од испитаниците и со В) ДА одговориле 71 испитаници, што претставува 66% од испитаниците.

Табела бр. 13. Мислењето на испитаници дека со децата на улица најчесто работи искусен кадар од центрите за социјална работа.

| ***Со децата на улица најчесто работи искусен кадар од центрите за социјална работа.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.13** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 16 | 21 | 71 | 108 |




Графикон бр. 13. Мислењето на испитаници дека со децата на улица најчесто работи искусен кадар од центрите за социјална работа

Четиринаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Најчесто применувана форма во работата со децата на улица е групната работа.*** Групната социјална работа се смета за најприменувана форма во работата со децата, токму поради тоа што претставува основен метод во социјалната работа особено во работата со ваква категорија на деца. Групната социјална работа е од особено значење за децата на улица/улични деца бидејќи овозможува преку групните искуства и проблеми, како и заедничка интеракција да се дојде до квалитетни начини за решавање на ризичните состојби во кои се наоѓаат овие деца.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 9 испитаници, што претставува 8% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 18 испитаници, што претставува 17% од испитаниците и со В) ДА одговориле 81 испитаници, што претставува 75% од испитаниците.

Табела бр. 14. Најчесто применувана форма во работата со децата на улица е групната работа

| ***Најчесто применувана форма во работата со децата на улица е групната работа.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.14** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 9 | 18 | 81 | 108 |




Графикон бр. 14. Најчесто применувана форма во работата со децата на улица е групната работа

Петнаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Дневните центри работат и со родителите на децата кои престојуваат во дневниот центар.*** За родителите се обезбедуваат едукативни работилници од страна на стручни лица во кои главна тема е унапредување на образовниот процес, надградување на нивното знаење и начини за имплементирање кај нивните деца. Овие работилници се од голема корист бидејќи повеќето од родителите се неписмени и, благодарејќи на

стручниот тим кој им го овозможува ова, и самите родители можат да им помагаат на дечињата во пишување на нивните домашни задачи, затоа и родителите сметаат дека работат компетентни лица кои им помагаат и ним и на нивните деца.На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 10 испитаници, што претставува 9% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците и со В) ДА одговориле 87 испитаници, што претставува 81% од испитаниците.

Табела бр. 15. Дневните центри работат и со родителите на децата кои престојуваат во дневниот центар

| ***Дневните центри работат и со родителите на децата кои престојуваат во дневниот центар.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.15** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 10 | 11 | 87 | 108 |




Графикон бр. 15. Дневните центри работат и со родителите на децата кои престојуваат во дневниот центар

Шеснаесеттото прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Мултидисциплинарниот тим работи со децата кои престојуваат во дневниот центар и во согласност со карактеристиките на детето изготвува***

***индивидуален план за работа на децата во групи.*** Како што спомнавме погоре, во повеќето ситуации има поголеми ефективни решенија доколку се работи во група. Тимот кој работи во дневниот центар во согласност со потребите на децата изготвува план кој ќе се одвива во група. По неколку посети од страна на децата во дневните центри, мултидисциплинарниот тим кој работи со нив, согледувајќи ги нивните потреби, изготвува план според кој ќе се одвиваат сите понатамошни активности. На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 8 испитаници, што претставува 7% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 11% од испитаниците и со В) ДА одговориле 88 испитаници, што претставува 82% од испитаниците.

Табела бр. 16. Изготвување Индивидуален план

| ***Мултидисциплинарниот тим работи со децата кои престојуваат во дневниот центар и во согласност со карактеристиките на детето изготвува индивидуален план за работа на децата во групи.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| ПРАШАЊЕ БР. 16 | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 8 | 12 | 88 | 108 |




Графикон бр. 16. Изготвување Индивидуален план

Седумнаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Малиот групен дом е добра алтернатива за***

***децата на улица кои не можат да растат во семејство.*** Во мал групен дом се обезбедува задоволување на основните животни потреби на сместените лица, се спроведува социјална интеграција на децата на улица/улични деца, стручните лица им помагаат во совладување на школските и други активности, стручните лица водат грижа за нивните училишни и вонучилишни активности. Целта е да се постигне процесот на ресоцијализација и пружање помош за оспособување на детето за самостоен живот по напуштање на домот во кој било сместено.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 6 испитаници, што претставува 6% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците и со В) ДА одговориле 91 испитаници, што претставува 84% од испитаниците.

Табела бр. 17. Малиот групен дом е добра алтернатива за децата на улица кои не можат да растат во семејство

| ***Малиот групен дом е добра алтернатива за децата на улица кои не можат да растат во семејство.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.17** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 6 | 11 | 91 | 108 |




Графикон бр. 17. Малиот групен дом е добра алтернатива за децата на улица кои не можат да растат во семејство

Осумнаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Секогаш при работата со децата на улица се имаат предвид нивните индивидуални потреби.***

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 10 испитаници, што претставува 9% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 24 испитаници, што претставува 22% од испитаниците и со В) ДА одговориле 74 испитаници, што претставува 69% од испитаниците.

Табела бр. 18. Секогаш при работата со децата на улица се имаат предвид нивните индивидуални потреби

| ***Секогаш при работата со децата на улица се имаат предвид нивните индивидуални потреби.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 18** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 10 | 24 | 74 | 108 |




Графикон бр. 18. Секогаш при работата со децата на улица се имаат предвид нивните индивидуални потреби

Деветнаесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Според индивидуалните потреби на децата на улица се изготвува и планот за работа со истите.***

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 18 испитаници, што претставува 17% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 24 испитаници, што претставува 22% од испитаниците и со В) ДА одговориле 66 испитаници, што претставува 61% од испитаниците.

Табела бр. 19. Според индивидуалните потреби на децата на улица се изготвува и планот за работа со истите

| ***Според индивидуалните потреби на децата на улица се изготвува и планот за работа со истите*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 19** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 18 | 24 | 66 | 108 |




Графикон бр. 19. Според индивидуалните потреби на децата на улица се изготвува и планот за работа со истите

Дваесеттото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***За да се обезбеди потребната здравствена заштита на децата на улица, потребни се повеќе социјални работници кои ќе работат на терен.*** Поголемиот број од децата на улица/улични деца имаат влошена здравствена состојба токму поради тоа што немаат пристап до здравствено осигурување. Неопходна е потребата за поголем број социјални работници кои ќе работат на терен бидејќи на тој начин може да

се добие директна и конкретна слика за ситуацијата и навремено да се интервенира. Некои граѓански сектори имаат вклучено социјални работници на терен кои имаат за цел директен контакт и запознавање со проблемот на децата на улица.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 16 испитаници, што претставува 15% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 23 испитаници, што претставува 21% од испитаниците и со В) ДА одговориле 69 испитаници, што претставува 64% од испитаниците.

Табела бр. 20. Потребни се повеќе социјални работници кои ќе работат на терен

| ***За да се обезбеди потребната здравствена заштита на децата на улица, потребни се повеќе социјални работници кои ќе работат на терен.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.20** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 16 | 23 | 69 | 108 |




Графикон бр. 20. Потребни се повеќе социјални работници кои ќе работат на терен

Дваесет и првото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***На децата кои се сместени во***

***згрижувачки институции обезбедена им е здравствена заштита.*** На повеќето од децата кои се сместени во згрижувачки институции им е обезбедена здравствена заштита, но има и такви кај кои се прават напори за да се здобијат со здравствена услуга, а кои немаат поради тоа што немаат лична документација и не се евидентирани во матична книга на родени. На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 13 испитаници, што претставува 12% од испитаниците и со В) ДА одговориле 84 испитаници, што претставува 78% од испитаниците.

Табела бр. 21. На децата кои се сместени во згрижувачки институции обезбедена им е здравствена заштита

| ***На децата кои се сместени во згрижувачки институции обезбедена им е здравствена заштита.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.21** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 11 | 13 | 84 | 108 |




Графикон бр. 21. На децата кои се сместени во згрижувачки институции обезбедена им е здравствена заштита

Дваесет и второто прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Сметам дека на поголемиот дел од децата на улица им е обезбедена соодветна здравствена заштита.*** На децата на улица кои се евидентирани во

матична книга на родени и нивните семејства поседуваат лична документација може да им се обезбеди здравствена заштита, меѓутоа на децата кои не се евидентирани во матична книга воопшто, потребно е да се направи ДНК-анализа за да се открие потеклото на нивните родители и оттаму да се евидентираат во матична книга за да може да им се обезбеди здравствена заштита. Се прават напори од страна на повеќе институции и граѓански организации задолжени за оваа категорија на деца, што е можно на поголем број деца да им биде обезбедена здравствена заштита и секое дете да добие свој матичен лекар.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 9 испитаници, што претставува 8% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 21 испитаници, што претставува 20% од испитаниците и со В) ДА одговориле 78 испитаници, што претставува 72% од испитаниците.

Табела бр. 22. На поголемиот дел од децата на улица им е обезбедена соодветна здравствена заштита

| ***Сметам дека на поголемиот дел од децата на улица им е обезбедена соодветна здравствена заштита*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| ПРАШАЊЕ БР. 22 | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 9 | 21 | 78 | 108 |



Графикон бр. 22. На поголемиот дел од децата на улица им е обезбедена соодветна здравствена заштита

Дваесет и третото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Во моето окружување поголемиот број од децата на улица кои ги познавам посетуваат редовно училиште.*** Има деца кои се запишани на училиште, меѓутоа поголемиот дел од текот на денот го поминуваат на улица и не посетуваат часови. Се прават напори за нивна инклузија во образовниот процес колку што се можностите. Постојат граѓански сектори кои играат голема улога во образовниот процес кај оваа ранлива категорија бидејќи организира едукативни активности кои се насочени кон организирање секаков тип на образовни програми, работилници и читателски клубови како за децата на улица така и за нивните родители.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 10 испитаници, што претставува 9% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 31 испитаници, што претставува 29% од испитаниците и со В) ДА одговориле 67 испитаници, што претставува 62% од испитаниците.

Табела бр. 23. Поголемиот број од децата на улица кои ги познаваат испитаниците посетуваат редовно училиште

| ***Во моето окружување поголемиот број од децата на улица кои ги познавам посетуваат редовно училиште.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.23** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 10 | 31 | 67 | 108 |




Графикон бр. 23. Поголемиот број од децата на улица кои ги познаваат испитаниците посетуваат редовно училиште

Дваесет и четвртото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Во центрите за социјална работа има стручни лица кои го следат образовниот процес на децата на улица.*** За оваа категорија на деца е неопходна помош од стручни лица како што се социјален работник, педагог и психолог, кои континуирано ќе го водат целиот процес и успешно ќе дојдат до заедничко решение. Задолжени се да го следат севкупниот образовен процес, односно да се добијат податоци колку се вклучени, а колку не се дел од образовниот процес и да се реагира во однос на добиените резултати. Од страна на некои граѓански сектори се вклучени и здравствени медијатори задолжени токму за децата на улица и нивна инклузија во образованието. Здравствените медијатори се тие кои го водат целиот процес, односно го следат нивното присуство во градинка или училиште, излезени се директно на терен и оттаму ги разоткриваат проблемите поради кои децата не се во можност да посетуваат училиште.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 6 испитаници, што претставува 5% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 19 испитаници, што претставува 18% од испитаниците и со В) ДА одговориле 83 испитаници, што претставува 77% од испитаниците.

Табела бр. 24. Во центрите за социјална работа има стручни лица кои го следат образовниот процес на децата на улица

| ***Во центрите за социјална работа има стручни лица кои го следат образовниот процес на децата на улица.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.24** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 6 | 19 | 83 | 108 |




Графикон бр. 24. Во центрите за социјална работа има стручни лица кои го следат образовниот процес на децата на улица

Дваесет и петтото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Информираноста на родителите за присуството на децата на улица кои не посетуваат училиште.*** Голема е бројката на деца на улица кои не посетуваат училиште, но посетуваат дневни центри кои исто така се од големо значење за нив. Родителите се свесни за состојбата во која се наоѓаат, како и за состојбата на децата на улица/улични деца кои не одат во училиште. Повеќето од родителите на овие деца ги немаат основните услови за живот и поради тоа и немаат услови за вклучување на нивните деца во образовниот систем. Меѓутоа постојат граѓански сектори кои работат на оваа проблематика и кои нудат можности за да се вклучат и овие деца во образовниот систем.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 7 испитаници, што претставува 7% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 21 испитаници, што претставува 19% од испитаниците и со В) ДА одговориле 80 испитаници, што претставува 74% од испитаниците.

Табела бр. 25. Информираноста на родителите за присуството на децата на улица кои не посетуваат училиште

| ***Информираноста на родителите за присуството на децата на улица кои не посетуваат училиште.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.25** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 7 | 21 | 80 | 108 |




Графикон бр. 25. Информираноста на родителите за присуството на децата на улица кои не посетуваат училиште

Дваесет и шестото прашање, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Мислењето на испитаниците за ангажираноста на персоналот од центрите за социјална работа во поддршка на инклузивно образование на децата на улица.***

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 11 испитаници, што претставува 10% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 20 испитаници, што претставува 19% од испитаниците и со В) ДА одговориле 77 испитаници, што претставува 71% од испитаниците.

Табела бр. 26. Ангажираноста на персоналот од центрите за социјална работа во поддршка на инклузивно образование на децата на улица

| ***Мислењето на испитаниците за ангажираноста на персоналот од центрите за социјална работа во поддршка на инклузивно образование на децата на улица*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.26** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 11 | 20 | 77 | 108 |




Графикон бр. 26. Ангажираноста на персоналот од центрите за социјална работа во поддршка на инклузивно образование на децата на улица

Дваесет и седмото прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Во дневниот центар во моето опкружување има социјален работник, педагог и психолог кои се задолжени за едукација на децата на улица.*** Родителите се запознаени со целиот тим на дневниот центар бидејќи и тие самите го

посетуваат почесто, и според нивните процени тие се задоволни од работата на тимот кој работи со нивните деца.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 8 испитаници, што претставува 7% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 19 испитаници, што претставува 18% од испитаниците и со В) ДА одговориле 81 испитаници, што претставува 75% од испитаниците.

Табела бр. 27. Во дневниот центар во опкружување на испитаникот има социјален работник, педагог и психолог кои се задолжени за едукација на децата на улица

| ***Во дневниот центар во моето опкружување има социјален работник, педагог и психолог кои се задолжени за едукација на децата на улица*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.27** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 8 | 19 | 81 | 108 |




Графикон бр. 27. Во дневниот центар во опкружување на испитаникот има социјален работник, педагог и психолог кои се задолжени за едукација на децата на улица

Претпоследното, дваесет и осмо прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Како децата така и родителите добиваат стручна поддршка при едукацијата за значењето на нивната улога во извршувањето на училишните обврски на децата.*** Како што е наведено претходно, родителите заедно со своите деца посетуваат дел од работилниците кои се одржуваат и учествуваат во поголем број активности кои се од голема помош за нив за да можат полесно да се справат со тешкотиите што ги имаат. Стручно се обучувани од целиот тим за да можат своите стекнати знаења да ги применат во работата со нивните деца.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 4 испитаници, што претставува 4% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 12 испитаници, што претставува 11% од испитаниците и со В) ДА одговориле 92 испитаници, што претставува 85% од испитаниците.

Табела бр. 28 Децата и родителите добиваат стручна поддршка при едукацијата за значењето на нивната улога во извршувањето на училишните обврски на децата

| ***Како децата така и родителите добиваат стручна поддршка при едукацијата за значењето на нивната улога во извршувањето на училишните обврски на децата.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР.28** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 4 | 12 | 92 | 108 |




Графикон бр. 28. Децата и родителите добиваат стручна поддршка при едукацијата за значењето на нивната улога во извршувањето на училишните обврски на децата

Последното, дваесет и деветто прашање, односно тврдење, кое е адаптирано и поставено на истражуваните популации, гласи: ***Родителите успешно се справуваат во поддршката на нивните деца во образовниот процес по едукацијата од страна на стручни лица.*** Едукацијата од страна на стручните лица насочена кон родителите е од големо значење како за родителите така и за нивните деца бидејќи на децата им се олеснува процесот за извршување на образовните обврски дома, од големо значење за нив е тоа што не мораат секојдневно да посетуваат дневни центри и граѓански организации кои спроведуваат едукативни работилници, туку сега можат од своите родители да добијат помош бидејќи се стекнати со знаење од страна на стручни лица.

На ова прашање од вкупно 108 испитаници добиени се следниве резултати: со А) НЕ одговориле 5 испитаници, што претставува 5% од испитаниците, со Б) ДЕЛУМНО одговориле 15 испитаници, што претставува 14% од испитаниците и со В) ДА одговориле 88 испитаници, што претставува 81% од испитаниците.

Табела бр. 29 Родителите успешно се справуваат во поддршката на нивните деца во образовниот процес по едукацијата од страна на стручни лица

| ***Родителите успешно се справуваат во поддршката на нивните деца во образовниот процес по едукацијата од страна на стручни лица.*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ОДГОВОРИ ОД ИСПИТАНИЦИТЕ** | | | | |
| **ПРАШАЊЕ БР. 29** | **А** | **Б** | **В** | **ВКУПНО** |
| | 5 | 15 | 88 | 108 |




Графикон бр. 29 Родителите успешно се справуваат во поддршката на нивните деца во образовниот процес по едукацијата од страна на стручни лица

Заради потврдување и докажување на хипотезите и поставените тврдења е спроведена квалитативна анализа на добиените резултати од истражувањето. За таа цел добиените одговори се групирани според индикаторите од кои произлегоа и се соодветно бодирани и пресметани. Бодирањето и пресметувањето се извршени на тој начин што: секој одговор А) добива 1 бод, секој одговор Б) добива 2 бода и секој одговор В) добива 3 бода.

Максималниот број бодови кои може да произлезат од еден исказ, односно тврдење (под претпоставка дека сите испитаници одговориле со

одговорот под В) е износот од бројот на испитаници помножен со 3, а минималниот е износот од бројот на испитаници помножен со 1 (под претпоставка дека сите испитаници одговориле со А).

Добиените бодови се делат на бројот на испитаници така што се добива аритметичка средина за конкретниот исказ, односно за конкретното тврдење.

За пресметување на варијаблата на секоја хипотеза, вкупниот број бодови од исказите, односно тврдењата кои ги сочинуваат индикаторите на конкретната варијабла се собираат и се делат со бројот на тврдења.

За докажување на хипотезата, се споредуваат добиените вредности од соодветната независна со соодветната зависната варијабла. Се пресметува аритметичка средина на секое прашање, а потоа и на секоја истражувана варијабла. Резултатот може да се движи од минимум 1 до максимум 3.

Ако аритметичката средина е поголема од 1,5, варијаблата се потврдува, а ако аритметичката средина е помала од 1,5, се отфрла. Ако и зависната и независната варијабла од една хипотеза се потврдуваат, тогаш хипотезата се докажува. Исто така, ако и зависната и независната варијабла од една хипотеза се отфрлаат, повторно хипотезата се докажува.

Генералната хипотеза поставена во истражувањето гласеше: ***Се претпоставува дека социјалната поддршка на деца на улица/улични деца е во согласност со нивните индивидуални потреби.***

Табела бр. 30 – Добиени одговори од испитаната популација

| Прашање/ Одговор | А- НЕ | Б- ДЕЛУМНО | В- ДА | Σ Испитаници |
|---|---|---|---|---|
| **1** | 9 | 6 | 93 | 108 |
| **2** | 11 | 18 | 79 | 108 |
| **3** | 12 | 15 | 81 | 108 |
| **4** | 10 | 19 | 79 | 108 |
| **5** | 15 | 9 | 84 | 108 |
| **6** | 41 | 22 | 45 | 108 |
| **7** | 22 | 9 | 77 | 108 |
| **8** | 19 | 11 | 78 | 108 |
| **9** | 31 | 21 | 56 | 108 |
| **10** | 13 | 25 | 70 | 108 |
| **11** | 14 | 12 | 82 | 108 |
| **12** | 11 | 9 | 88 | 108 |
| **13** | 16 | 21 | 71 | 108 |
| **14** | 9 | 18 | 81 | 108 |
| **15** | 10 | 11 | 87 | 108 |
| **16** | 8 | 12 | 88 | 108 |
| **17** | 6 | 11 | 91 | 108 |
| **18** | 10 | 24 | 76 | 108 |
| **19** | 18 | 24 | 66 | 108 |
| **20** | 16 | 23 | 69 | 108 |
| **21** | 11 | 13 | 84 | 108 |
| **22** | 9 | 21 | 78 | 108 |
| **23** | 10 | 31 | 67 | 108 |
| **24** | 6 | 19 | 83 | 108 |
| **25** | 7 | 21 | 80 | 108 |
| **26** | 11 | 20 | 77 | 108 |
| **27** | 8 | 19 | 81 | 108 |
| **28** | 4 | 12 | 92 | 108 |
| **29** | 5 | 15 | 88 | 108 |

Табела бр. 31 – Пресметани бодови од испитаната популација

| **Прашање** | **А- НЕ** | **Б- ДЕЛУМНО** | **В- ДА** | **Σ бодови** | **Σ/N** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **X 1 бод** | **X 2 бода** | **X 3 бода** | **Σ** | **Σ/108** |
| **1** | 9 | 12 | 279 | 300 | 2.77 |
| **2** | 11 | 36 | 237 | 284 | 2.62 |
| **3** | 12 | 30 | 243 | 285 | 2.63 |
| **4** | 10 | 38 | 237 | 285 | 2.63 |
| **5** | 15 | 18 | 252 | 285 | 2.63 |
| **6** | 41 | 44 | 135 | 320 | 2.96 |
| **7** | 22 | 18 | 231 | 271 | 2.50 |
| **8** | 19 | 22 | 234 | 275 | 2.54 |
| **9** | 31 | 42 | 168 | 241 | 2.23 |
| **10** | 13 | 50 | 210 | 273 | 2.52 |
| **11** | 14 | 24 | 246 | 284 | 2.62 |
| **12** | 11 | 18 | 264 | 293 | 2.71 |
| **13** | 16 | 42 | 213 | 271 | 2.50 |
| **14** | 9 | 36 | 243 | 288 | 2.66 |
| **15** | 10 | 22 | 261 | 293 | 2.71 |
| **16** | 8 | 24 | 264 | 296 | 2.74 |
| **17** | 6 | 22 | 273 | 301 | 2.78 |
| **18** | 10 | 48 | 222 | 280 | 2.59 |
| **19** | 18 | 48 | 198 | 264 | 2.44 |
| **20** | 16 | 46 | 207 | 269 | 2.49 |
| **21** | 11 | 26 | 252 | 289 | 2.67 |
| **22** | 9 | 42 | 234 | 288 | 2.66 |
| **23** | 10 | 62 | 201 | 273 | 2.52 |
| **24** | 6 | 38 | 249 | 293 | 2.71 |
| **25** | 7 | 42 | 240 | 289 | 2.67 |
| **26** | 11 | 40 | 231 | 282 | 2.61 |
| **27** | 8 | 38 | 243 | 289 | 2.67 |
| **28** | 4 | 24 | 276 | 304 | 2.81 |
| **29** | 5 | 30 | 264 | 299 | 2.76 |
| | | | | **Σ** | **76.53** |
| | | | | **Σ/29** | **2.63** |

Од добиените одговори од страна на испитаниците на 29-те тврдења, може да се заклучи дека, според испитаниците, видот на социјалната поддршка зависи од местото на живеење. Според нив, односно според добиените

одговори, се потврдува и втората помошна хипотеза, односно дека најчесто применувана форма на поддршка од областа на социјална заштита е престој во дневен центар. Понатаму, и третата помошна хипотеза, односно претпоставка се потврдува, односно во работата со деца на улица се применува групна социјална работа. Следната помошна хипотеза се однесуваше на претпоставката дека на поголем број деца на улица се обезбедува остварување услуги од областа на здравствена заштита, која исто така се потврдува. Претпоставката дека поголем број деца на улица добиле социјална поддршка во областа на вклучување во образовниот систем, според добиените одговори, може да се заклучи дека се потврдува, а се потврдува и претпоставката, односно помошната хипотеза која гласи дека на родителите на деца на улица се дава поддршка преку едукација за нивната улога во поддршка на децата во извршувањето на училишните обврски.

На крај, според претходно наведеното, може да се заклучи и тоа дека се потврдува и генералната хипотеза на истражувањето, односно дека социјалната поддршка на деца на улица/улични деца е во согласност со нивните индивидуални потреби.

# Заклучок

Генерално, од севкупно презентираното во трудот, може да се констатира дека денес самиот проблем кој е поврзан со децата на улица станува сè поактуелен и сè повеќе поприсутен во нашето окружување. Имајќи го предвид факторот дека на децата на улица не им е овозможено остварувањето на повеќето од основните човекови права, следува дека на истите им се повредени правата на соодветен стандард на живеење, социјална и здравствена заштита, домување, слобода на движење, образование, како и развојните права. Факт е дека самото неостварување на дел од овие наведени и елаборирани права влијае негативно врз овие лица. Имено, резултатот од транзицијата, како и акцентот за одржување макроекономска стабилност, доведе до запоставување на структурните реформи во земјата со последици врз благосостојбата на децата. Минималниот економски раст во нашата држава имаше мало внимание врз подобрувањето на состојбата на децата. Имаме зголемен пораст на детската сиромаштија и голем број деца од ранлива категорија кои не се заштитени.

Имајќи предвид дека Република Северна Македонија во сите аспекти на развојот се подобрува и со сите напори се движи кон членство во Европската Унија, оваа ситуација со голем број улични деца е неприфатлива. Бидејќи токму децата кои сочинуваат околу 25% од населението на земјата (Ammar, 2015) ја претставуваат иднината на земјата. Намалувањето на децата на улица, детската сиромаштија и подобрувањето на можностите на секое дете да биде активен член во општеството и да може да ги ужива сите права ќе придонесе за долгорочна стабилност на државата.

Што се однесува пак до Институционалната заштита во Северна Македонија, утврдена е потребата за подобрување на квалитетот на услугите особено во руралните средини. Во самото истражување за достапноста на социјалната поддршка на деца на улица/улични деца се потврди првата хипотеза дека постојат разлики во доставувањето на социјалната поддршка на деца на улица/улични деца во зависност од местото на живеење.

Поголема достапност до социјалните услуги имаат деца кои што живеат во урбана средина, додека оние кои што живеат во рурална средина имаат минимална поддршка или воопшто ја немаат. Најдостапна услуга за деца на улица/улични деца се смета дневен центар со што се потврдува и следнава хипотеза со која дневен центар се смета за најчесто применувана форма на поддршка на деца на улица/улични деца од областа на социјална заштита.

Следна хипотеза која се потврди е дека во работата со деца на улица се применува групна работа, поради големата бројка на деца најчесто се применува групна социјална работа со што се заштедува во трошењето на финансиските средства а децата сами на себе стануваат модели едни на други за стекнување на социјални вештини и подобрување на своето однесување. Имајки во предвид дека најголем број на деца на улица/улични деца од ромската националност немаат здравствено осигурување поради невработеноста на нивните родители и непријавување во агенција за вработување, здравствените услуги кои ги добиваат со покривање на трошоци од страна на здруженија на граѓани ги задоволуваат нивните потреби. Со што се потврди хипотезата дека на поголем број на деца на улица/улични деца се обезбедува остварување на услуги од областа на здравствената заштита.

Постојат здруженија на граѓани кои преку одредени организации и нивни проекти им овозможуваат на децата на улица/улични деца директно вклучување во образовниот систем. Голема поддршка добиваат и родителите на децата на улица/улични деца од страна на образовни едукатори кои работат во здруженија на граѓани, тие преку соодветни работилници им помагаат на родителите да ги усовршат нивните вештини и техники кои ќе можат да ги спроведат во поддршка на нивните деца за училишните обврски кои ги имаат.

Целта на трудот „Социјална поддршка на децата на улица/улични деца“ беше да се разработи социјалната поддршка на деца на улица/улични деца и нивните социјални проблеми, како и нивната психосоцијална благосостојба. За постигнување на оваа цел, на самиот почеток беше направен сериозен обид за да се идентификуваат недостатоците во разбирањето на социјалните проблеми.

Практичната цел на ова истражување беше да се креираат одредени предлози и закони кои ќе може да се имплементираат во македонското

законодавство со цел да се намали бројот на деца на улица и конструктивното спроведување на законските мерки со посебен акцент на превентивните мерки и почитување на правата на детето.

Во истражувањето, односно со Анкетниот прашалник беа опфатени прашања кои послужија како основа на планирање на сите понатамошни активности за планирање на спречувањето, интервенцијата и рехабилитацијата на децата на улица.

Генерално, во трудот беше целосно исцрпен, односно дефиниран поимот (кои се тие, каде се, кои се нивните потреби, психолошки и социјални карактеристики итн.). Исто така, беа утврдени и изворите, односно причините за појавата на деца на улица. Воедно, се утврди и степенот на физичката психичката и социјална загрозеност и нејзините рефлексии врз физичкото, психичкото и социјалното функционирање во адолесценцијата и зрелата возраст, што придонесе за анализа и за изработка на методологија за спречување, социјална заштита и рехабилитација и реинтеграција на децата од улица во училишната средина, семејството и општеството.

За подетално анализирање на комплексноста на проблемот во овој труд, беше употребен методолошкиот приод кој содржи и квантитативна и квалитативна истражувачка стратегија, односно индуктивен и дедуктивен приод, бидејќи и самата проблематика бара поголем број испитаници со различни обележја.

Во текот на истражувањето за оваа тема, невозможно е да не се постават безброј прашања кои се од морален, филозофски, конкретен и правен карактер.

Од добиените резултати, како што може да се заклучи и од кратката анализа на резултатите добиени од истражувањето, воочено е дека сите помошни хипотези се потврдуваат. Оттука, следува и тоа дека и генералната хипотеза, социјалната поддршка на деца на улица/улични деца, е во согласност со нивните индивидуални потреби.

# Библиографија

Амицис Г. (2004) Систем на социјална заштита во Република Македонија. Скопје.

Avramov, D. (1993) Pojedinac, porodica i stanovništvo u raskoraku, Naučna knjiga, Beograd.

Андрюшина, О. В. (2006) Формирование специальной компетентности учителя в сфере профилактики асоциального поведения подростков, Самара.

Atkinson, M. et al. (2007). Multi-agency working and its implications for practice: A review of the literature. CfBT Education Trust.

Ammar A. (2015). Children living and working on the streets in Lebanon : *Profile and magnitude.*

Arbeiter Samariter-Bund Deutschland. (2007). Final Summary Report: Monitoring and Psychosocial Support to Karimojong Children and Women in Kampiringisa Rehabilitation Center, Mpigi.

Барсуков, А. В. (2011) Влияние типов семейного воспитания на формирование самоотношения у подростков с асоциальным поведением, Нижний Новгород.

Bahadur KC M. (2013) Situations and causes of street children – *A sociological study of Kathmandu Valley.*

Bašić, J. (2009) Teorija prevencije: prevencija poremećaja u ponašanju i rizičnih ponašanja djece i mladih, Školska knjiga, Zagreb.

Bergant, M. (1974) Teme iz pedagoške sociologije, Zagreb.

Bouillet, D., Uzelac, S. (2007) Osnove socijalne pedagogije, Školska knjiga, Zagreb.

Bratanić, M. (1993) Mikropedagogija, interakijsko-komunikacijski aspekt odgoja, Školska knjiga, Zagreb.

Вековиќ, Владимир, Породица као фактор настајања малолетничке деликвенције: магистарски рад, Скопје, Правни факултет, 1991 година.

Гао Х. UNICEF (2017). ДЕЦАТА ВО ПЈР МАКЕДОНИЈА – Анализа на состојбата.

Ганишина, И. С. (2004) Психологическое влияние неблагополучной семьи на девиантное поведение несовершеннолетних, Рязань.

Голднер-Вуков, М. (1988) Породица у кризи, Медицинска књига, Београд.

Golubović, Z. (1981) Porodica kao ljudska zajednica, Naprijed, Zagreb.

Gossen, D. Ch. (1994) Restitucija- preobrazba školske discipline, Alinea, Zagreb.

Ghimire L. (2014) BEING ON THE STREET : *Causes, Survival Strategy and Societal Perception An Empirical Study of Street Children in Kathmandu, Norway*.

Димитријоска С. (2012). Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела, Филозофски факултет, Скопје.

Димовска А. (2016). Децата и младите во ризик во Република Маледонија – рамноправни членови на социјалната држава или категорија за креирање на фиктивни политики ? Скопје, ХОПС – Опции за здрав живот.

Ekermen, N. (1966), Psihodinamika porodičnog života, Grafički zavod, Titograd.

Закон за социјалната заштита „Службен весник на Република Македонија„ бр.79/09, 36/11, 51/11 и 166/12).

Костова, М. (2000) Основни претпоставки за правилно воспитание во семејството, Зборник „Детски самит“, Скопје.

Костова, М. (2004) Промените во современото семејство и воспитнаието, Воспитание, Педагошки факултет- Штип.

Костова, П. (1997), Семеино взпитание, Велико Трново,1997.

Кучуб, Н. А. (2009) Ценностное взаимодействие семьи и школы в преодолении асоциальности поведения подростков, Оренбург.

Кругер А. Р., Кејси Е. М., (2014). Фокус-групи: *Практичен водич за применети истражувања*. Скопје, 2014.

Kameswara rao K. Street Children – Human Rights A Socio Legal Issue in India.

Lalor, K., Street Children:A Comparative Perspective, Child Abuse and Neglect, 1999.

Мицковиќ, Д. (2008) Семејството во Европа XVI-XXI век, Блесок, Скопје.

Младеновиќ, М. (1974), Увод у социологију породице, Савремена администрација, Београд.

Milosavljevic, M. (2003). Devijacije i drustvo. Draganic. Beograd.

Младеновиќ, М., Породичне функције и друштвена превенција васпитне запуштености и малолетничке деликвенције, „Југословенска ревија за криминологију и кривично право“, бр. 1/68, стр. 57.

Milić, A. (1988) Rađanje moderne porodice, Zavod za uđbenike i nastavna sredstva, Beograd.

Мазина, Оксана Назимовна (2009) Предупреждение асоциального поведения учащихся профессионального лицея, Оренбург.

Matson JL (1985). "Biosocial theory of psychopathology: a three by three factor model". Appl Res Ment Retard. 6 (2): 199-227.

Malinauskaite I., Harrison W. D., (2000) The Social Reality of Begging Children of Vilnius : Implications for Non – Governmental Organizations's Practise.

Musubika S. (2017) Behind the scenes of street begging : Karamojong Women of North Eastern Uganda.

Minde, H. (2008). Indigenous peoples: Self-determination, knowledge, indigeneity: Eburon Uitgeverij BV.

Недељковиќ, И., и др., „Улога специјализованих институција социјалне заштите у спречавању малолетничке деликвенције“, материјали од Симпозиум за превенција на малолетничките престапници, оддржан во Аранѓеловац, Октомври, 1967.

National Action Plan on Elimination of the Worst Forms of Child Labour in Uganda 2012/13- 2016/17. Elimination of the Worst Forms of Child Labour:Making Schooling the Principal Occupation of Children., (2012).

Петровска, С. (2009) Семејството и воспитанието на децата, Алфа, Скопје.

Прва детска амбасада во светот Меѓаши. (2009). Алтернативен извештај на невладините организации кон државните извештаи за состојбата со правата на детето во Република Македонија. Скопје, Република Македонија.

Petz, B. (1992) Psihologijski rječnik, Prosveta, Zagreb.

Rot, N. (2010) Osnovi socijalne psihologije, Zavod za uđbenike - Beograd; Izabrana dela edition.

Савеска С., Лакинска Д., Стаменкова В., Доневска М., Димитријоска С., Инцевска С., Димитриевска В. (2000). Заштита на улични деца/деца на улица, Скопје: Зборник на трудови од научен собир.

Самоловчев, Б. (1984) Теоретските и методичките основи на воспитната работа, Скопје.

Сламков, Ѓорѓи, Егзогени фактори за појава на малолетничката деликвенција, Годишник на трудови.

Shah S., Graidage, G., Valencia, J., (2005). “ Youth on the street – T*he importance of social interactions on psychosocial well – being in African context*”, Washington

Southon, J. and Pralhad D. (2003) A Life without Basic Services: Street Children‘s Say. Save the Children UK

Seale, C. (2012). Researching Society and Culture. Sage Publications Ltd (CA).

Stevanović, M. (2000) Obiteljska pedagogija, Varaždinske Toplice.

United Nations Sub-commission on Prevention of Discrimination and protection of minorities & Martinez Cobo Jose R. (1987). Study of the problem of discrimination against indigenous populations. New York: United Nations.

Форестер А. М., (2014). Спроведување квалитативни истражувања во психологијата- практичен водич. Скопје, 2012.

Филозофски факултет – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика. "Зборник на трудови од научен собир". Заштита на улични деца/деца на улица, Скопје, 2000.

Holzmann, R., Jorgensen, S. (1999). Social Protection as Social Risk Management:Conceptual Underpinnings for theSocial Protection Sector Strategy Paper. Human Development Network. World Bank.

Hoogeveen J., et al. (2004). A Guide to the Analysis of Risk, Vulnerability and Vulnerable Groups. Social Protection Department. World Bank. Washington DC.

Herrera, A., Mandić, P. (1989) Obrazovanje za XXI stoljeće, Svjetlost, Sarajevo.

Catherine Panter – Brick, Street Children, Human Rights, and Public Health : *A Critique and Future Directions, 31 Ann. Rev. of Anthropology.*

Clark, A., Kjorholt, A. T., & Moss, P. (2005). Beyond listening: Children's perspectives on early childhood services: Policy Press.

Cloninger CR (1986). "A unified biosocial theory of personality and its role in the development of anxiety states". *Psychiatr Dev.* 4 (3): 167–226

Чонева, Љубица, Улогата на органот за старателство во превенцијата на малолетничката деликвенција во Македонија, Годишник на факултетот за безбедност 1999/2000 година.

Đorđević, B. (1985) Savremena porodica i njena vaspitna uloga, Prosveta: Institut za pedagoška istraživanja, Beograd.

Wexler, Laura P. (2008) "Street Children and U.S. Immigration Law: *What Should Be Done,*" Cornell International Law Journal: Vol. 41: Iss. 2, Article 7

World Bank (2003). Social Risk Management: The World Bank's Approach to Social Protection in a Globalising World. Social Protection Department. World Bank. Washington DC.

Щербакова, С. Н. (2009) Профилактика асоциального поведения учащихся учреждений начального профессионального образования, Нижний Новгород.

Закони

- ✓ Закон за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија бр. 98/00, 65/04, 98/08,107/08, 83/09 и 156/09, 12/14, 150/2015 );
- ✓ Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14);
- ✓ Закон за семејство (Службен весник на Република Македонија бр.80/92, 09/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 44/12, 153/14);
- ✓ Закон за основно образование (Службен весник на Република Македонија бр.103/08);
- ✓ Закон за средно образование (Службен весник на Република Македонија бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08);
- ✓ Закон за здравствена заштита (Службен весник на Република Македонија бр.17/97, 11/02, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09, 43/12)
- ✓ Закон за здравствено осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 65/12);
- ✓ Закон за правда за децата (Службен весник на Република Македонија бр. 148/13);
- ✓ Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на Република Македонија бр. 54/07,98/08, 106/08, 64/09, 161/09, 226/15);
- ✓ Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09, 150/10, 198/18);

- ✓ Кривичен законик на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 55/13);
- ✓ Закон за прекршоци (Службен весник на Република Македонија бр.62/06, 124/15);
- ✓ Закон за матична евиденција (Службен весник на Република Македонија бр. 8/95, 38/02, 66/07, 98/08, 67/09, );
- ✓ Закон за матичен број на граѓанинот (Службен весник на Република Македонија бр.36/92);
- ✓ Закон за државјанство (Службен весник на Република Македонија бр. 67/92, 8/04, 98/08);
- ✓ Закон за извршување санкции (Службен весник на Република Македонија бр. 2/06, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15, 98/15 и 11/16, 21/18);
- ✓ Закон за прекршоците против јавниот ред и мир (Службен весник на Република Македонија бр.66/07, 152/15).


**Интернет извори**


https://matadornetwork.com/bnt/drove-psychedelic-tuk-tuk-across-india-heres-learned/

https://www.unicef.org/evaldatabase/files/ZIM_01-805.pdf

https://www.streetchildrenresources.org/wp-content/uploads/2015/06/The-lived-experiences-of-children-living-on-the-streets-of-Hillbrow.pdf

https://www.unicef.org.uk/child-refugees-europe/

# Прилог – Анкетен прашалник

**Почитувани,**

Овој Анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по Ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на мојот магистерски труд. Добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражувањето е „Социјална поддршка на децата на улица/улични деца".

Пред Вас се 29 тврдења на кои Вие треба да го заокружите одговорот кој е одраз на Вашето мислење. Може да ја прецртате со X буквата пред одговорот кој ќе го одберете или едноставно да ја заокружите. Понудени се следните одговори:

а) ДА

б) ДЕЛУМНО

в) НЕ

Однапред Ви благодарам за соработката!

**Со почит,**

**Амела Кадриевска**

_________________

## Демографски податоци

**1. Пол**

а) М

б) Ж

**2. Возраст**

а) Помалку од 20 години

б) Од 20 до 30 години

в) Од 30 до 40 години

г) Од 40 до 50 години

д) Повеќе од 50 години

**3. Образование**

а) Без образование

б) Основно образование

в) Средно образование

г) Високо образование

**4. Етничка припадност**

а) Македонска

б) Албанска

в) Ромска

г) Турска

**5. Место на живеење**

а) Село

б) Град

**Анкетен прашалник**

1. Мислењето на испитаниците за значењето на првата социјална услуга.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

2. Мислењето на родителите за потребата од домашна нега и помош.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

3. Мислењето на родителите за потребата од сместување во згрижувачко семејство или мал групен дом.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

4. Мислењето на испитаниците за соодветна институционална заштита.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

5. Мислењето на испитаниците за зависноста на социјалната поддршка од местото на живеење.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

6. Мислењето на испитаниците дека лицата од урбаните средини добиваат поквалитетна социјална поддршка.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

7. Мислењето на испитаниците за присутноста на дневни центри во нивното опкружување.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

8. Дневните центри ги имаат сите потребни услови за пристоен престој.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

9. До сега повеќе од еднаш член од семејството на испитаниците бил сместен (згрижен) во дневен центар.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

10. Барем едно од децата на испитаниците било сместено во дневен центар или во друга установа за сместување деца.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

11. Користењето на капацитетите на детските одморалишта од страна на децата на испитаниците.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

12. Сметам дека во дневните центри за престој работат компетентни лица.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

13. Со децата на улица најчесто работи искусен кадар од центрите за социјална работа.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

14. Најчесто применувана форма во работата со децата на улица е групната работа.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

15. Дневните центри работат и со родителите на децата кои престојуваат во дневниот центар.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

16. Мултидисциплинарниот тим работи со децата кои престојуваат во дневниот центар и во согласност со карактеристиките на детето изготвува индивидуален план за работа на децата во групи.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

17. Малиот групен дом е добра алтернатива за децата на улица кои не можат да растат во семејство.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

18. Секогаш при работата со децата на улица се имаат предвид нивните индивидуални потреби.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

19. Според индивидуалните потреби на децата на улица се изготвува и планот за работа со истите.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

20. За да се обезбеди потребната здравствена заштита на децата на улица, потребни се повеќе социјални работници кои ќе работат на терен.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

21. На децата кои се сместени во згрижувачки институции обезбедена им е здравствена заштита.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

22. Сметам дека на поголемиот дел од децата на улица им е обезбедена соодветна здравствена заштита.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

23. Во моето окружување, поголемиот број од децата на улица кои ги познавам посетуваат редовно училиште.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

24. Во центрите за социјална заштита има стручни лица кои го следат образовниот процес на децата на улица.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

25. Информираноста на родителите за присуството на децата на улица кои не посетуваат училиште.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

26. Мислењето на испитаниците за ангажираноста на персоналот од центрите за социјална работа во поддршка на инклузивно образование на децата на улица.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

27. Во дневниот центар во моето опкружување има социјален работник, педагог и психолог кои се задолжени за едукација на децата на улица.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

28. Како децата така и родителите добиваат стручна поддршка при едукацијата за значењето на нивната улога во извршувањето на училишните обврски на децата.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

29. Родителите успешно се справуваат во поддршката на нивните деца во образовниот процес по едукацијата од страна на стручни лица.

А = НЕ Б = ДЕЛУМНО В = ДА

**Ви благодарам!**